Голем акцент се става и на одбележување на државните и верските празници, каде учениците изработуваат разни креативни дела од хартија, цртежи, пишуваат песнички и кратки состави. На тој начин, тие не само што ја изразуваат својата креативност, туку и учат за значењето на празниците, традицијата и културните вредности.

Преку овие активности, децата се поттикнуваат да бидат активни, одговорни и креативни личности, подготвени за нови знаења и искуства.

## 1. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето учениците го изучуваат англискиот јазик како задолжителен странски јазик, францускиот јазик е втор задолжителен јазик.

| | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Број на наставници** |
|---|---|---|---|
| **Прв странски јазик - Англиски јазик** | 13 | 242 | 2 |
| **Втор странски јазик- француски јазик** | | 91 | 1 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| Одделение | Одделенски наставник | Наставник по физичко и здравствено образование |
|---|---|---|
| IA | Слободанка Пешевска | Душко Деспотовски |
| IIA | Оливера Петрушевска | Душко Деспотовски |
| IIIA | Александра Божиновска | Душко Деспотовски |
| IIIБ | Наташа Весковски | Душко Деспотовски |
| IVA | Весна Спасенцовска,<br>Интерна замена педагог<br>Кристина Андриќ-Стојановска | Душко Деспотовски |
| VA | Александра Гаврилоска | Душко Деспотовски |
| VБ | Снежана Богдановиќ | Душко Деспотовски |

### 8.9. Изборна настава

| Одделение | Име и презиме | Слободен изборен предмет |
|---|---|---|
| IVa | Маја Крстева<br>Љубица Манов | Оригами(II)<br>Имам прва (I) |
| Va | Љубица Манов<br>Александра Илиевска | Оригами (I)<br>Математички игри (II) |
| Vб | Александра Илиевска<br>Љубица Манов | Математички игри (I)<br>Оригами (II) |

| | | |
|---|---|---|
| VIa | Наташа Томшиќ<br>Благица Атанасовски | Велосипедизам (I)<br>Етика во религиите (II) |
| Viб | Благица Атанасовски<br>Наташа Томшиќ | Етика во религиите (I)<br>Велосипедизам (II) |
| VIIa | Елена Мазни | Финансиска писменост(I)<br>Математичко-логичко резонирање(II) |
| **Одделение** | **Име и презиме** | **Изборен предмет** |
| VIIIa | Давор Божиновски | Изборен спорт |
| VIIIб | Благојче Бошковски | Нашата татковина |
| IXa | Зоран Пржовски | Нашата татковина |
| 3а, 3б, 4а, 5а, 5б, 6б, 7а, 8а, 8б, 9а | Џеврије Фасљии | Јазик и култура на Ромите |

## 8.10. Дополнителна настава и додатна настава

***Извештај за реализирани часови по дополнителна и додатна настава за крајот на учебната 2024/2025***

**Дополнителна настава од II – V одделение**

| **Наставен предмет** | | | **Реализатор** | **Оделение** | **Број на часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кат.** | **Ред. Бр** | **Назив на наставен предмет** | | | |
| ***Задолжителни предмети*** | *1* | Македонски јазик | одд. наставник | I - V | 82 |
| | *2* | Математика | одд. наставник | I - V | 83 |
| | *3* | Англиски јазик | Љубица М. | I - V | 17 |
| | *4* | Природни науки | одд. наставник | I - IV | 7 |
| | | | Зорица Б. Спиридонов | V | 11 |
| | *5* | Општество | одд. наставник | I - III | 3 |
| | *6* | Историја и општество | одд. наставник | IV-V | 12 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *7* | Техничко образование и информатика | одд. Наставник | IV | 0 |
| | | | Зорица Б. Спиридонов | V | 0 |
| | *8* | Музичко образование | одд. наставник | I - V | 0 |
| | *9* | Ликовно образование | одд. наставник | I - V | 0 |
| | *10* | Физичко и здравствено обр. | Душко Д. и одд. наставник | I - V | 4 |
| *Збирно за сите наставни предмети* | | | | I - V | **219** |

**Дополнителна настава IV – IX одделение**

| **Наставен предмет** | | | **Реализатор** | **Оделение** | **Број на часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кат.** | **Ред. Бр** | **Назив на наставен предмет** | | | |
| ***Задолжи телни предмети*** | *1* | Македонски јазик | Ивана Р. | VI-VIII | 25 |
| | | | Елена | IX | 6 |
| | *2* | Математика | Елена М. | VI-VII | 37 |
| | | | Александра И. | VIII-IX | 33 |
| | *3* | Англиски јазик | Наташа Т. | VI-IX | 35 |
| | *4* | Француски јазик | Благица А. | VI-IX | 30 |
| | *5* | Биологија | Маја Х. | VII-IX | 5 |
| | *6* | Хемија | Зорица Б.С. | VIII | 8 |
| | | | Маја Х. | IX | 5 |
| | *7* | Физика | Александра И. | VIII-IX | 21 |
| | *8* | Природни науки | Благојче Бошковски | VI | 2 |
| | *9* | Историја и општество | Зоран П. | VI | 14 |
| | *10* | Историја | Зоран П. | VII-IX | 32 |
| | *11* | Географија | Благојче Б. | VII-IX | 6 |
| | *12* | Етика | Зоран П. | VII | 4 |
| | *13* | Техничко образование и инф. | Саше И. | VI | 0 |
| | *14* | Информатика | Саше И. | VII | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | *15* | Музичко образование | Слаѓана Ч. | VI-IX | 18 |
| | *16* | Ликовно образование | Маја К. | VI-IX | 24 |
| | *17* | Физичко и здравствено образование | Давор Б. | VI-IX | 13 |
| | *18* | Граѓанско образование | Зоран П. | VIII-IX | 15 |
| | *19* | Иновации | Благојче Б. | IX | 4 |
| *Збирно за сите наставни предмети* | | | | VI-IX | **337** |

**Додатна настава од II – V одделение**

| **Наставен предмет** | | | **Реализатор** | **Оделение** | **Број на часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кат.** | **Ред. Бр** | **Назив на наставен предмет** | | | |
| ***Задолжителни предмети*** | *1* | Македонски јазик | одд. наставник | I - V | 74 |
| | *2* | Математика | одд. наставник | I - V | 74 |
| | *3* | Англиски јазик | Љубица М. | I - V | 13 |
| | *4* | Природни науки | одд. наставник | I - IV | 13 |
| | | | Зорица Б. Спиридонов | V | 8 |
| | *5* | Општество | одд. наставник | I - III | 12 |
| | *6* | Историја и општество | одд. наставник | IV-V | 15 |
| | *7* | Техничко образование и информатика | одд. Наставник | IV | 1 |
| | | | Зорица Б. Спиридонов | V | 0 |
| | *8* | Музичко образование | одд. наставник | I - V | 0 |
| | *9* | Ликовно образование | одд. наставник | I - V | 2 |
| | *10* | Физичко и здравствено обр. | Душко Д. и одд. наставник | I - V | 2 |
| *Збирно за сите наставни предмети* | | | | I - V | 214 |

**Додатна настава од VI - IX одделение**

| **Наставен предмет** | **Реализатор** | **Оделение** | |
|---|---|---|---|

| Кат. | Ред. Бр | Назив на наставен предмет | | | Број на часови |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Задолжителни предмети*** | *1* | Македонски јазик | Ивана Р. | VI-VIII | 25 |
| | | | Елена | IX | 4 |
| | *2* | Математика | Елена М. | VI-VII | 0 |
| | | | Александра И. | VIII-IX | 21 |
| | *3* | Англиски јазик | Наташа Т. | VI-IX | 35 |
| | *4* | Француски јазик | Благица А. | VI-IX | 30 |
| | *5* | Биологија | Маја Х. | VII-IX | 5 |
| | *6* | Хемија | Зорица Б.С. | VIII | 8 |
| | | | Маја Х. | IX | 5 |
| | *7* | Физика | Александра И. | VIII-IX | 13 |
| | *8* | Природни науки | Благојче Бошковски | VI | 0 |
| | *9* | Историја и општество | Зоран П. | VI | 14 |
| | *10* | Историја | Зоран П. | VII-IX | 32 |
| | *11* | Географија | Благојче Б. | VII-IX | 6 |
| | *12* | Етика | Зоран П. | VII | 4 |
| | *13* | Техничко образование и инф. | Саше И. | VI | 0 |
| | *14* | Информатика | Саше И. | VII | 0 |
| | *15* | Музичко образование | Слаѓана Ч. | VI-IX | 12 |
| | *16* | Ликовно образование | Маја К. | VI-IX | 24 |
| | *17* | Физичко и здравствено образование | Давор Б. | VI-IX | 13 |
| | *18* | Граѓанско образование | Зоран П. | VIII-IX | 15 |
| | *19* | Иновации | Благојче Б. | IX | 4 |
| | *Збирно за сите наставни предмети* | | | VI-IX | 272 |

## 8.11. Работа со надарени и талентирани ученици

Секој наставник изработи индивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на училишната година во која се вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се одделенските и предметните наставници во соработка со стручните соработници .
Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности изработува диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот.
Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини. Наставникот преку овие наставни програми за надарени деца е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици. Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици преку кој се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната настава, дополнителната настава и слободните ученички активности.

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализаци ја** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација на талентирани и надарени ученици | Септември 2024 | Наставниците по наставните предмети и психологот | Надарени и талентиран и ученици. | Успешна идентификација, Евидентирање на надарените ученици преку прашалници, разговори и тестови |
| Вклучување на талентираните и надарените ученици во додатна настава и воннаставни ученички активности | Септември - Јуни 2025 | Наставниците по наставните предмети | Надарени и талентиран и ученици. | Изготвено планирање и организација на поучувањето на овие ученици. Проширување на програмите за работа со соодветни содржини прилагодени кон потребите на талентираните и надарените ученици.<br>Примена на современи наставни методи и форми-избор на задачи, материјали, дополнителна литература за развивање на интересите и талентираноста-надареноста на овие ученици. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење на индивидуалните постигања на талентираните и надарените ученици | Септември - Јуни 2025 | Наставниците по наставните предмети | Надарени и талентиран и ученици. | Проценка на постигањата на овие ученици.<br>Определување на соодветни форми/методи за понатамошна работа Евиденција на успехот, редовноста и однесувањето.<br>Анализа на постигањата на талентираните и надарените ученици од работата во вонннаставните ученички активности и додатна настава |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со талентирани и надарените ученици | Јуни 2025 | Наставниците по наставните предмети и психологот | Надарени и талентиран и ученици. | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитнообразовниот процес со овие ученици<br>Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на програмата за работа со талентирани инадарени ученици.<br>Изготвување на стратегија за понатамошна работа |

## 8.12.Работа со ученици со посебни образовни потреби

На учениците со посебни образовни потреби им се обрнуваше особено внимание во нашето училиште, со оглед на фактот дека станува збор за групи ученици од хетероген состав во однос на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развиток. Учениците со посебните образовни потреби, според членот 35 од Законот за основно образование (Сл. Весник бр. 161 од 5 август 2019), се:

-ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа содругите,

-ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини.

Во училиштето по процедурата за идентификација на деца со посебни образовни потреби, се изготви програма за работа, индивидуален образовен план и модифицирана програма за секој ученик со посебни образовни потреби за кој што имаше соодветна медицинска белешка , односно извршена проценка од Комисијата за процена според МКФ.

За подобрување на условите за работа со деца со ПОП училишниот инклузивен тим, во состав: директор Кристина Андриќ Стојановска/ Александра Смилковска, дефектолог Маријана Грчевска Чадиковска, психолог Мери Синадиновска,одделенски наставник

Наташа Весковски, предметен наставник Слаѓана Чекичевска, родители Снежана Богдановиќ и Валентина Анѓелевска се грижеа за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивни тимови за ученици кои што работеа по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од Законот за основно образование.

Во учебната 2024/2025 година во училиштето се евидентираа 5 ученици со мислење од Заводот за ментално здравје, а 6 ученика со процена на психофизичката состојба, извршена од страна на Стручно тело за процена според МКФ, за кои наставниците изработија посебни програми за работа. ОУРЦ "Златан Сремец" од Скопје за оваа учебна година 24/25, беа обезбедени образовени асистенти (3) за учениците кои според МКФ проценката им следеше. Имавме и 2 ученика кои работеа по модифицирана програма. Едниот ученик посетуваше 3 дена од неделата (понеделник,среда и петок) настава во ОУРЦ "Д-р Златан Сремец", а другиот ученик работеше по модифицирана програма во домашни услови и за него инклузивниот тим праќаше материјали за работа во неговиот дом, а родителот ни ги враќаше назад како доказ во досието на ученикот. Но, поголем е бројот на ученици кои поради лоши материјални услови и социо-емоционална депривација покажуваа заостанување во психофизичкиот и социо- емоционалниот развој се организираше дополнителна настава според потребите на учениците. За учениците со посебни образовни потреби се изготвија индивидуални образовни планови како и модифицирана наставна програма. Дефектологот од нашето училиште, редовно работеше со оваа група на ученици, како индивидулано, така и преку посета на часовите.

За учениците од ромската етничка припадност, кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, училиштето преку МОН, имаше обезбедено образовен медијатор како и во претходната учебна година. Образовниот медијатор преземаше активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето, спроведуваше редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработуваше со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, преземаше активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.

### 8.13. Туторска поддршка на учениците

Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното и средното образование која е проект на Министерството за образование и наука на Р. Северна Македонија (МОН), која што има за цел да ја поттикнува социјалната одговорност на студентите и да им овозможува пристап до бесплатни дополнителни часови на учениците од основното и средното образование, во нашето училиште во првото полугодие не се спроведе поради немање на волонтери тутори. Но, нашето училиште спроведуваше соработка на проект со НВО „ДЕНДО ВАС", за поддршка на учениците Роми кои имаат потешкотии во јазичната писменост и совладувањето на математичките операции, во период од Септември 2024 - Јуни 2025 година, проектот ќе биде одржлив и за учебната 2025/2026 година.

### 8.14. Реализација на активностите на образовниот медијатор во учебната 2024/25 година

Образовниот медијатор преземаше активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштето. Спроведуваше средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, повремено соработуваше со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците и спроведуваше активности за намалување на напуштањето на воспитно- образовниот процес на учениците. Реализираните активности на образовниот медијатор Се прикажани во Прилозите.

## 9. Воннаставни активности

Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се организираат согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот за образование. Согласно Програмата на училиштето, а во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности. Тие се прилагодени на индивидуалните потреби на ученици и со разлики меѓу секој ученик, со цел секој да има можност да ги пронајде и развива своите потенцијали, знаења и способности. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците ќе се евидентира од страна на одговорниот наставник.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Еднократна работилница: Одбележување на 22 Септември - Меѓународен ден без автомобили | 22.09.2024 | Одделенски раководители од I до IX Одделение и стручни соработници | ученици | Развивање на еколошки навики и заштита на природата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Хуманитарни активности и прием на првачиња во Детската органозација по повод Детската недела - продажба на маркички за хуманитарни цели | 07-10.10.2024 | Психолог и претставници од ученички парламент | Ученици, наставници, родители/старатели и останати вработени во училиштето | Поттикнување на детската креативност, хуманост и солидарност. |
| Ликовена изложба - “Правата на детето - безбеден чекор кон среќно детство“ (Детска недела) | 07.10.2024 | Психолог, Директор, Одделенски наставници и наставник по ликовна уметност | Учениците од I - IX одделение | Ученици од I - IX одделение учествуваа со свои дела на изложбата организирана од психологот - училиштето. Делата беа изложени во холот на приземје во училиштето. |
| Работилница за „Толеранција“ (реализирана по повод 16.11.2024 - Меѓународен ден на Толеранција) | 15.11.2024 | Психолог | Ученици од IIIа и IIIб одделение | Сите ученици беа активни од почеток до крај на работилницата. Децата уживаат во овој тип на интерактивни работилници. |
| Акција: ЕКО акција по повод денот на општина Карпош | 01.11.2024 | Ученици од I до IX и сите вработени | Ученици и сите вработени | Формирање еколошки навики, развивање љубов кон природата |
| Еднократна работилница: Одбележување на 3 Декември (Меѓународен ден на лицата со попреченост) | 4.12.2024 | Одделенски раководители од I до IX одделение Стручни соработници | ученици | Развивање емпатија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Еднократна работилница: Изработка на новогодишни украси и честитки | Од 23.12.2024 до 27.12.2024 | Одделенски раководители од I до IX одделение | ученици | Поттикнување на детската креативност |
| Еднократна работилница: Физички, емоционален и социјален булинг | 16.10.2024 | Психолог | VIIIб | Стекнати знаења за правење разлика за физички, социјални и емоционални однесувања |
| Еднократна работилница: Сите сме различни, а еднакви | 01.11.2024 | Психолог | VIа и б | Стекнати знаења за свесност за еднаквоста и покрај различноста во физичките карактеристики |
| Интернетот не/безбедност во виртуелниот свет | 10.11.2024 | Психолог | VIIIа | Стекнати знаења за опасностите од несоодветно користење и начини на кои можат да се заштитат |
| Меѓаши настан за Меѓународниот ден за сајбер безбедност | 11.02.2025 | Психолог и дефектолог | 8 ученици од 8а, 8б и 9а | Интерактивно учество на нашите ученици со размислувања и идеи за моменталната ситуација и идни планови за подобрување на сајбер безбедноста меѓу учениците. |
| Работилница „ Интернетот не е само игра...Кликај безбедно“ | 11.02.2025 | Друштво за комуникациски услуги А1 | Ученици од IV одделение | Унапредување на дигиталната писменост и општествената одговорност кај учениците . |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница „Стилови на учење“ | 4.12.2024 | Педагог | Ученици од VI одделение | Стекнување знаења за различните стилови на учење и развивање на вештина да се препознае сопствениот стил со цел применување на стратегии за поефикасно учење. |
| Работилница „Како да се реши конфликт на мирољубив начин“ | 16.10.2024 | Педагог | Ученици од VIII одделение | Стекнати знаења и вештини за мирољубиво и конструктивно решаање на конфликти преку дијалог и ненасилна комуникација. |
| Брошура „Техники за успешно учење“ | 1.03.2025 | Педагог | Брошурата е наменета за сите ученици | Информриање на учениците за различни техники за учење со цел подобрување на нивната концентрација, организација и училишни резултати. |

## 9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб активно работи и ги опфаќа сите ученици од 1 – 9 одделение. Во програмата се застапени одбојка и општа моторика со корективна гимнастика. Вкупно брои околу 30 членови. Одговорни наставници за спроведување на активностите се Душко Деспотовски и Давор Божиноски.

## 9.2. Акции

Акциите што се одржуваат во училиштето се значаен дел од неговата севкупната воспитно-образовна дејност. Во нив активно земаат учество учениците, родителите и наставниците. Акциите претставуваат битен дел од едукацијата на учениците воучилиштето.Со вклучување на учениците во различни активности како што се: хуманитарни акции што подразбираат собирање парични средства преку организирање и активно учество на базари, хепенинзи, донирање на облека ,собирање на училишен прибор, како и учество во еко акции (собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор и др.). Имаат за цел да развиваат интерес кај учениците за вклучување во општествено корисна работа, задоволство од работата,

поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата, развивање на позитивен однос кон другарчињата како и поттикнување на учениците да дејствуваат и размислуваат еколошки, односно од најмала возраст да се создадат еколошки навики со што во иднина би имале почиста животна средина.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на Училишната зграда и училишниот двор | Континуирано во текот на целата учебна година | Наставници | Ученици од 1 до 3 одд | Уреден и прилагоден просторот во училниците, |
| ЕКО акција Свест и одговорност за чиста и здрава околина и лична хигиена<br><br>,Чистотата е половина здравје,, | Континуирано во текот на целата учебна година | Наставници | Ученици од 1. до 9. одд | Подигање на свеста и одговорноста за чиста и здрава околина.<br>Создадени навики за хигиена во училницата и училиштниот двор. |
| ЕКО акција | 01.11.2024 | Ученици и сите вработени во училиштето | Ученици од I до IX одд | Садење цвеќиња, собирање на паднати лисја, чистење и средување на училишниот двор. |
| | | | | |
| Хуманитарна акција за собирање средства | 07 – 10.10.2024 | Ученички парламент и психолог | Ученици од ранлива категорија | Се поттикна солидарноста и хуманоста за помош на деца од ранлива категорија. |

Тим за следење, Мери Синадиновска - психолог, Зоран Пржовски - предметен наставник, Марија Јовчевска - претседател на Ученички парламент, Матеј Цветковски - Ученички правобранител,

## 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Првото свикување на ученичкиот парламент го изврши директорот на училиштето.

Ученичкиот парламент ги вршеше следните задачи:

- активно учествуваше во застапување и промовира на правата и интересите на учениците,
- го промовираше ученичкиот активизам,

- учествуваше во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и вонnаставните активности,
- учествуваше во подготовката на годишната програма за работа и полугодишниот извештај,
- даваше предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- даваше предлози за воннаставни активности на училиштето,
- даваше предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествуваше во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествуваше во советот на родители и наставничкиот совет и организираше и учествуваше во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Претседателот на ученичкиот парламент се избра со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител Матеј Цветковски од 9а одд., во текот на годината, се грижеше за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избра со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Извештајот за работа на ученичкиот парламент е приложен во прилозите на Полугодишниот извештај.

Во учебната 2024/2025 година, Ученичкиот парламент реализираше 12 состаноци (седници). Одговорни за поддршка на работата на Ученичкиот парламент се: наставникот по граѓанско образование Зоран Пржовски и психологот Мери Синадиновска.

Прва средба: 13.09.2024 - Избор на претседател, заменик претседател, секретар и записничар на ученичкиот парламент и Договор за активностите кои ќе се спроведат по повод Детската недела.

Втора средба: 16.10.2024 - Разгледување на активностите превземени околу Детската недела, Избор на ученички правобранител и Разгледување и прецизирање на активностите согласно годишната програма на ученичкиот парламент за учебната 2024 / 24 година.

Трета средба: 15.11.2024 - Работилница „Колку добро ги познаваш своите права“ како одбележување на светскиот ден на детето и Разгледување на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие.

Четврта средба: 13.12.2024 - Разгледување на активностите во првото полугодие на учебната година, Подготовка за училишен базар и организација на полугодишна забава.

Петта средба: 23.12.2024 - Избор на двајца претставници на Училишниот парламент во Училишниот одбор на училиштето.

Шеста средба: 03.02.2025 - Добредојде за новите членови на ученичкиот парламент, Известување за Нацрт-извештај од извршена интегрална евалуација и договор за идни активности.

Седма средба: 07.03.2025 - Договор за идните активности на парламентот и договор за поведението и оценките во училиштето.

Осма средба: 24.03.2025 - работилница за толеранција меѓу учениците.

Деветта средба: 04.04.2025 - работилница за сајбер насилството.

Десетта средба: 22.04.2025 - Разговор за работилниците кои се одржаа во училиштето, договор за забава и други активности.

Единаесетта средба: 22.05.2025 - Состанок за активностите во текот на годината и учеството на членовите на парламентот.

Дванаесетта средба: 06.06.2025 - Средба за организирање на ученичката забава во училиштето.

Ученичкиот правобранител, ученикот Матеј Цветковски, се грижеше за заштитата и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Детската организација се вклучуваше во сите активности кои се организираат во училиштето за одбележување на важни историски датуми, хуманитарни акции, еколошки активности, поттикнување на другарството, солидарноста и соработката. Работата на Детската организација се одвиваше под раководство на одговорниот наставник Слободанка Пешевска. Заедно со Детската организација се реализираа и активности на ПЦК, во кои се вклученија сите ученици од прво до деветo одделение под раководство на одговорниот наставник.

| Ред. бр. | Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| | Спроведување на процедура за избор на ученички парламент; Координативни тела на ученички парламент; Координатор на паралелки од генерација; Координативни тела на ученички парламент | 13.09.2024 год. | Наставник по граѓанско образование, психолог, директор , тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралелки од 1-9 одделение | Формиран ученички парламент и избрани координато ри и координато рно тело на ученичкиот парламент |
| | Предлог годишна програма за училишен парламент | септември - октомври, 2024 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Усвоена програма за рабтоа на УП |
| | Културно однесување и позитивна комуникација помеѓу учениците | октомври, 2024 година | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Воспоставена подобрена меѓуврсничка комуникација и изградени културни вредности помеѓу учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Работилница и активности поврзани со интеркултурно образование | октомври 2024<br>мај<br>2025 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Имплементациј а на мултикултурнот о образование во училиштето преку однапред из-готвени работилници |
| | Иницијатива – од учениците за реализација на хуманитарни акции | 07-10.10.2024<br>ноември, 2024 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Развиена свест за хуманост, човечност и солидарност со ранливите категории на населението во нашето општество |
| | Еколошка акција: Уредување и украсување на<br>училишниот двор | 01.11.2024 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Изработка и реализација на проектот во практика |
| 7. | Антибулинг диускусија/ дебата: Како<br>булингот влијае на учениците? | 22.01.2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Дебата и дискусија за<br>решавање на одредени проблемите помеѓу врсниците |
| 8. | Унапредување на демократската<br>клима во<br>училиштето | 25.02. 2025 год | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Воспоставен дијалог и подршка за проактивно учество на учениците во донесувањето на одлуки во училиштето |
| 9. | Социјализација на личноста во групата | 18.03.2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Прилагодба и стекнати вештини за начин на однесување во група |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Граѓанско општество: „Сите сме еднакви“ | 22.04.2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Избрани ученици за учество на училишен парламент | Изграден однос и почит кон вредностите на сите паартиципиенти во граѓанското општество |
| 11. | Училиште без дискрими-нација | 02.06.2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на ученички парламент | Развиена свест за нега-тивните последици на дискриминацијата и изграден позитивен однос кон позитивната пракса за разрешување на истата. |
| 12. | Прогласување на првенец на генерација | 05.06.2025 год. | Ученици од 9 то одделение и Ученички парламент | Првенец на генерација | Прогласена е за првенец на генерација Претседателот на ученички парламент Марија Јовчевска |

в.д.Директор – Александра Смилковска, психолог – Мери Синадиновска, предметен наставник по историја и по граѓанско образование – Зоран Пржовски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| Ред. бр. | Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Информирање за улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на останатите субјекти во училиштето | 13.09.2024 година | Психолог, директор, наставник по граѓанско образование, тим за поддршка | Наставници од одделенска и предметна настава Претседатели на заедници на паралелки | Демократско учество на учениците во процесот на одлучување и сло- бодно изразување на сопственото мислење |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Спроведување на проце-дура за<br>избор на ученичкиправобраните<br>л | 13.09.2024<br>2024 год. | Психолог, директор, наставник по граѓанско образование, тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралеки од 1-9 одделение | Избрани ученици правобранители и негови заменици од уче-ници од седмо до деветто одделение |
| 3 | Воспоставува ње на модел ученик правобранител | октомври 2024 | директор, тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралеки од 1-9 одд. | Заштита на правата на учениците |
| 4 | Презентација на искуства и модели за работа на<br>ученик правобранител | ноември 2024 | Тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на заед-ници на паралеки од 1 | Насоки за работата на ученикот правобранител и неговите заме-ници |
| 5 | Формирање комисија за<br>евалуација на претстав-ки и пријави | ноември-декември 2024 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на заед-ници на паралеки од 1 | Транспарентна работа на ученикот правобранител и соодветно процесуирање на пријавите |
| 6 | Состаноци со ученички правобранител | октомври 2024 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на заед-ници на паралеки од 1 | Заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за учество во донесување на одлуки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Извештај за работата на ученичкиот правобранител | Јуни 2025 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралеки од 1 | Подобрена состојбата на имплементација за ученичко учество и заштита на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки |

***Тимот за поддршка на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител:***

в.д.Директор – Александра Смилковска, психолог – Мери Синадиновска,
предметен наставник по историја и по граѓанско образование – Зоран Пржовски

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети, настава во природа и посети

Екскурзии, излети, настава во природа и посети

| Тим за изработка на програма за екскурзии, излети и настава во природа и посети | Екскурзии, излети , настава во природа и посети |
|---|---|
| Сите наставници | Пролетен еднодневен излет од 1 до 9 одд |
| Зоран Пржовски (деветто одделение) | Тродневна екскурзија 9 одд. |
| Снежана Богдановиќ (петто одд) | Настава во природа 5 одд. |
| Александара Божиновска ( трето одд.) | Еднодневен екскурзија во Лешок 3то одделение |
| Наташа Весковски ( трето одд..) | Еднодневен екскурзија во Лешок 3то одделение |
| Александра Гаврилоска ( петто одд.) | Настава во природа 5 одд. |
| Благојче Бошковски | Музеј на холокаустот од 7 до 9 одд |

| | |
|---|---|
| Благица Атанасовски(шесто одд.) | Француски Институт 6 одд |
| Ивана Ристоска (седмо одд.) | Театар од 1 до 9 одд |
| Класен раководител (петто одд,) | ЗОО од 1 до 5 одд |
| Маријана Грчевска Чадиковска | Дом за стари лица Мајка Тереза |
| Маја Крстева | Меѓународна детска ликовна колонија “Св. Пантелејмон” од 7 до 9 одд |

## 11.2 *Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности*

Учениците од училиштето учествуваа во голем број на вонучилишни активности како што се нижо музичко училиште, кошаркарски клуб, фудбалски клуб, тениски клуб, пливачки клуб, одбојкарски клуб, училишта за танц, ликовни школи, школи за млади поети и сл.

## 12. Натпревари за учениците

| Ред . бр. | Реализирана активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 . | Избор на Карпош има талент на ниво на училиште | октомври, 2024 год. | Наставник по музичко,македонски јазик, одделенски наставници | Ученици од 4 до 7 одд | Избор за представник/ представници на нашето училиште |
| 2. | Натпревар на општина Карпош,,Карпош има талент’’каде нашето училиштер настапи со точката ,,Чае шукарије’’ и освои 1 место | 28 Октомври 2024.год. | Наставник по Музичко образование,наставник по Ромски јазик Дефектолог, | Ученици од 4 до 9 одд | Учесник натпреврувач избран од нашето училиштекој ќе се натпреварува на,, Карпош има талент‘’ од ученици , и публика од ученици од 4 до 9 одд |
| 3. | Новогодишен натпревар по математика | 28.12.2024г | Наставници од одделенска настава | Ученици од трето одделение | 3 ца ученици освоија 2ро место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Регионален атпревар во организација на ЗМПРМ вокални солисти | Април 2025 | Наставник по Музичко образование | учествуваше ученичката од 6 одд Медине Али | Освои Диплома за 2 место |
| **5.** | Регионален натпревар во организација на ЗМПРМ вокални солисти | Април 2025 | Наставник по Музичко образование | учествуваше ученичката од 8 одд Матеја Стамчевска | освои Диплома за пофалница |
| **6.** | Општински натпревари во одбојка и фудбал | Октомври 2024 до мај 2025 | Наставници по ФЗО | Ученици од 5-9 одд | Учество во групната фаза од натпреварувањето |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Тимот за училишна интеграција планираше и организираше активности кои придонесуваа кон почитување на
мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција, со цел подобрување на меѓуетничката кохезија меѓу учениците во училиштето преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности. Нашето училиште е мултиетничко така што постојано се води грижа учениците без оглед на националноста да бидат вклучени во сите активности. Се води грижа кај учениците од сите етнички групи да се развива толеранција, развивање на почит и однос кон различностите и се определени активности во насока на меѓусебно запознавање. Формиран е тим одговорен за оваа компонента во состав:

Александра Смилковска - в.д.директор
Наташа Томшиќ-координатор
Љубица Манов-предметен наставник
Емилија Богдановска-педагог
Мери Синадиновска психолог
Матеј Цветковски - ученички правобранител
Марија Јовчевска - претседател на ученички парламент.
Нашето училиште е партнер училиште со ООУ” Лиман Каба”с. Љуботен, Бутел
каде што настава се одвива на албански јазик. И оваа година учествуваме во МИО активности предвидени со Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието за кој добивме грант од страна на Министерството за образование и наука. Секоја година се земаат во обзир различни наставници, различни теми, различни одделенија. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително реализира план со активности кои придонесуваат во насока на унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличности меѓу двата етникума, но и почитување на разликите помеѓу нив.

## 14 .Проекти што се реализираат во основното училиште

1. Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – интегрираните планирања со избраните точки на акција од 9-те еко стандарди се реализираат во сите паралелки од прво до деветто одделение. Во текот на првото полугодие според еколошкиот календар се организираа еколошки акции со цел подигање на еколошката свест на ниво на училиште.
2. Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Тимот за училишна интеграција се грижи за спроведување на МИМО активностите на ниво на училиште и со проширување на партнерство со други училишта, покрај партнерското училиште Лиман Каба. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците во првото полугодие работеше според планот за активности кои беа планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличности меѓу двата етникуми, но и почитување на разликите помеѓу нив. Во првото полугодие, во учебната 2024/2025 година, повторно се аплицираше на конкурс, заедно со училиштето Лиман Каба за грант за поддршка од Министерството за образование и наука. Со одобрување на грантот училиштето со учениците ќе се афирмираат како на локално, така и на национално ниво, се со цел развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во училиштето.
3. Проект Училиштето како безбедно место - училиште без насилство - одговорниот тим ги идентификува и ги определи критичните места и форми и видови на насилството во училиштето, како и начините за справување со различните форми на насилство. Посебен акцент во ова полугодие се стави на подигање на свеста кај учениците за безбедност, за сајбер насилството, злоставувањето во училиштето, врсничко насилство (bullying), училиштето како сигурна средина за сите ученици и превенција од насилство со организирани работилници и вонннаставни активности.
4. Проект: „Заедно во акција за селектирање, реупотреба, рециклирање и компостирање“ реализиран од страна на тимот на невладината организација РЕЦ, поддржан од Општина Карпош. Во рамки на овој проект учениците и наставниот кадар активно ги применуваа начините на селекција и одвојување на отпадот, при што создаваа органско ѓубриво преку процесот на компостирање. Со насобраниот компост училиштето учествуваше на јавен конкурс. Ученици од нашето училиште учествуваа во проектот со ликовни творби кои беа тематски ориентирани. Активностите ги водеа директорот на училиштето, психологот, одделенските наставници и наставничката по ликовно образование.
5. Проект за подобрување на писменоста кај ученици Роми и подобрување на математичките знаења, спроведуван со тутори од НВО „Дендо Вас“ , наменет за ученици од 3 то до 6 то одделение.
6. Проект за унапредување на добросостојбата и менталното здравје, побрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно образовниот процес, на ниво на училиште. Програма за поддршка на менталното здравје и психосоцијален развој на учениците поддржано од БРО. Програмата е од превентивен и инструктивен карактер и е наменета за поддршка на учениците и сите други субјекти вклучени во работата со учениците. Целта на програмата е да им се овозможи поддршка на учениците за унапредување на добросостојба, менталното здравје и психосоцијален раст и развој, како и подобрување на образовните ефекти и перформанси кај учениците. Како посебна цел има да се промовира и унапредува секој облик на здрав стил на живеење како превентива на негативните облици на однесување, добросостојбата и безбедноста на учениците. Задача на оваа програма е да ги систематизира постоечките и новите облици на работа во координација со воспитно образовниот процес со кој ќе се работи на подигнување на квалитетот на животот на учениците. Програмата ги опфаќа најважните подрачја: работа со учениците, работа со родителите и соработка со

локалната средина (со надворешни институции) Носители на оваа програма се сите вработени во училиштето, а најодговорни за реализација на оваа програма се директорот, менаџерскиот тим, стручната служба, сите наставници, и особено класните раководители.

Во текот на годината реализирани се следните активности:

| Реден број | Наслов на работилницата | Одделение | Број на присутни ученици | Датум на реализација | Белешки од реализираната работилница |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.. | „Што правиш кога си лут?“ | 5а и 5б одделение | 28 | 01.10.2024 | Реализирал: психолог Мери Синадиновска<br>Учениците седеа во круг, индивидуално коментираа ситуации кога биле лути, дава примери како реагирале, што кажале кога биле лути и сл. |
| . | „Права и обврски“ | 1а одделение | 31 | 07.10.2024 | Работилницата беше реализирана од страна на психологот Мери Синадиновска и педагогот Емилија Богдановска<br>Преку интеракција со учениците, бреинсторминг, слики... Учениците беа многу заинтересирани, секое дете имаше можност да обои едно право/обврска и од сите слики со права и обврски на крајот беше изработен хамер. |
| 3. | „Видови насилство - Сајбер насилство“ (по повод 10.10.2024 „Ден на менталното здравје“ | 8б одделение | 15 | 09.10.2024 | Реализирал: психолог Мери Синадиновска<br>Презентација и дискусија за видови насилство, задржување на Сајбер насилство, гледање на филмот „Обележан“, анализа на филмот преку следните прашања:<br>1.Како започна се?<br>2. Кој се беше вклучен во ситуациите? 3. Зошто гласи насловот „Обележан“?<br>4. Кој беше насилник, акој жртва? 5. Последици?<br>Учениците беа многу заинтересирани за темата, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | особено што и филмот е соодветен за нивна возраст и е од поново време - соодветен на модерното време. |
| 4. | „Стрес“ | 9а | 15 | 10.10.2024 | Реализирал: дефектолог Маријана Грчевска Чадиковска |
| 5. | Ова сум јас | 1а | 23 | 05.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Слободанка Пешевска |
| 6. | Ги сакам животните | 1а | 27 | 12.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Слободанка Пешевска |
| 7. | Јас сум јас, ти си ти | 1а | 26 | 19.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Слободанка Пешевска |
| 8. | Ова ме смее | 1а | 29 | 26.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Слободанка Пешевска |
| 9. | Ова сум јас | 2а | 29 | 07.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Оливера Петрушевска |
| 10. | Каде припаѓам? | 2а | 29 | 14.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Оливера Петрушевска |
| 11. | Моите прсти ме прават посебен | 2а | 29 | 21.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Оливера Петрушевска |
| 12. | Мојата рака на квалитети | 2а | 29 | 28.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Оливера Петрушевска |
| 13. | Ова сум јас | 3а | 12 | 07.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Александра Божиновска |
| 14. | Каде припаѓам? | 3а | 13 | 14.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Александра Божиновска |
| 15. | Моите прсти ме прават посебен | 3а | 15 | 21.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Александра Божиновска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Мојата рака на квалитети | 3а | 14 | 28.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Александра Божиновска |
| 17. | Ова сум јас | 3б | 11 | 07.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Наташа Весковски |
| | Каде припаѓам? | 3б | 13 | 14.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Наташа Весковски |
| | Моите прсти ме прават посебен | 3б | 10 | 21.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Наташа Весковски |
| | Мојата рака на квалитети | 3б | 14 | 28.11.2024 | Реализирала: одд. раков. Наташа Весковски |
| | Емоции | 8а | 10 | 05.12.2024 | Реализирала: психолог Мери Синадиновска<br>Учениците развиваа свесност за нашите разновидни ментални состојби.<br>Сфаќање за поврзаноста на мислата со емоцијата |
| | Емоции како нагони за дејствување | 8а | 12 | 17.12.2024 | Реализирала: психолог Мери Синадиновска<br>Учениците развиваа свесност за емоциите како нагони за дејствување.Можност и моќ на трансформирањето на негативните мисли во позитивни и менување на емоциите врзани за мислите. |
| | Емоции | 8б | 11 | 05.12.2024 | Реализирала: психолог Мери Синадиновска<br>Учениците развиваа свесност за нашите разновидни ментални состојби.<br>Сфаќање за поврзаноста на мислата со емоцијата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Емоции како нагони за дејствување | 8б | 11 | 17.12.2024 | Реализирала: психолог Мери Синадиновска<br>Учениците развиваа свесност за емоциите како нагони за дејствување.Можност и моќ на трансформирањето на негативните мисли во позитивни и менување на емоциите врзани за мислите. |
| | Емоции | 6б | 9 | 19.12.2024 | Реализирала: психолог Мери Синадиновска<br>Учениците развиваа свесност за нашите разновидни ментални состојби.<br>Сфаќање за поврзаноста на мислата со емоцијата. |
| | Правиме училиште од соништата | Ia | 28 | 19.12.2024 | Активноста беше интересна за децата особено преуредувањето. |
| | Ајде да играме во училиште | Ia | 28 | 19.12.2024 | Играта со хартиени топки и лименки беше многу интересна |
| | Јас сакам мојата група | Ia | 28 | 12.12.2024 | Активноста беше интересна за децата особено после приказната се обидуваа да прават работи во кои не учествуваат сите прсти |
| | Кој е во мојата група? | Ia | 28 | 04.12.2024 | Активноста беше интересна за децата особено анкетирањето на своите другарчиња |
| | Мојата среќна и тажна страница | IIa | 30 | 05.12.2024 | Учениците дознаа што ги прави среќни а што тажни |
| | Како се чуствувам кога... | IIa | 30 | 12.12.2024 | Учениците опишуваа како се чувствуваат во различни ситуации |
| | 3.Моите чувства-твоите чувства | IIa | 30 | 19.12.2024 | Учениците знаат како да го надминат срамот и да бидат со другарчето во одредена ситуација |
| | 4.Надминување на мојот страв | IIa | 30 | 26.12.2024 | Учениците знаат како да го надминат стравот во различни ситуации |
| | Мојата “среќна” и “тажна” страница | IIIa | 16 | 05.12.2024 | Што научивме на овој час?<br>Сите ученици беа активни на часот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Како се чуствувам кога... | IIIa | 13 | 12.12.2024 | Учениците знаат да ги препознаат своите чуства.<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | 3.Моите чувства-твоите чувства | IIIa | 10 | 19.12.2024 | Учениците знаат дека секој има различни чувства и секој се чувствуа различно во одредена ситуација.<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | 4.Надминување на мојот страв | IIIa | 14 | 26.12.2024 | Сите учениците го надминаа стравот.<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | Мојата “среќна” и “тажна” страница | IIIб | 16 | 05.12.2024 | Што научивме на овој час?<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | Како се чуствувам кога... | IIIб | 13 | 12.12.2024 | Учениците знаат да ги препознаат своите чуства.<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | 3.Моите чувства-твоите чувства | IIIб | 10 | 19.12.2024 | Учениците знаат дека секој има различни чувства и секој се чувствуа различно во одредена ситуација.<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | 4.Надминување на мојот страв | IIIб | 14 | 26.12.2024 | Сите учениците го надминаа стравот.<br>Сите ученици беа активни на часот. |
| | Јас сум животно | IVa | 28 | 02.12.2024 | Реализирала: педагог Емилија Богдановска(замена за наставник)<br>Учениците беа исполнителни и ги реализираа зададените задачи согласно своите можности и способности.<br>Работилницата придонесе за остварување на поставените цели. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Работите во кои сум добар/добра | IVa | 23 | 16.12.2024 | Реализирала: педагог Емилија Богдановска(замена за наставник)<br>Учениците беа активни за време на часот, покажаа посветеност и истрајност во изршување на задачата. Се разви одлична дискусија во која учениците го презентираа она кое го имаат сработено од активноста. Покажаа задоволство и голем интерес за време на активностите. |
| | Мојата пајажина | IVa | 27 | 23.12.2024 | Реализирала: педагог Емилија Богдановска(замена за наставник)<br>На учениците им беше тешко да направат себе оценување односно да оценат конкратена вештина, за таа цел им се даваат дополнителни насоки и примери. Учениците беа задоволни и исполнителни за време на активноста. На крај се дискутираше за можни начини како би ја развиле некоја вештина и на кој начин би го постигнале тоа. |
| | Моите вештини имаат корени | IVa | 26 | 30.12.2024 | Реализирала: педагог Емилија Богдановска(замена за наставник)<br>За време на активностите имаше позитивна атмосфера за работа, учениците беа исполнителни за време на активностите и покажаа истрајност во извршување на истите. Поставените цели се исполнија, учениците дискутираа, споделуваа и ги презентираа своите задачи пред останатите соученици.<br>Оваа активност се надворза на работилницата реализирана на 23.12.2024 година на тема „ Мојата пајажина“. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Мојот идентитет во скапоцен ковчег | Va | 12 | 05.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите и успешно го нацртаа она што им е најважно и што би го ставиле во својот ковчег. |
| | Мојот идентитет во скапоцен ковчег | Va | 14 | 12.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите, успешно дебатираа за сличностите и разликите во ова што им е најважно, ги украсија и наполнија своите ковчези и ја реализираа изложбата. |
| | Мои јаки страни - претставени како цвет | Va | 15 | 19.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите и успешно ги идетификуваа нештата што им се допаѓаат кај себе, а и умееа да ги претстават добрите нешта на своето другарче од парот. |
| | Мои јаки страни - претставени како цвет | Va | 15 | 26.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите и успешно ги воочија своите добри особини и јаки страни, но и на останатите ученици. |
| | Мојот идентитет во скапоцен ковчег | Vб | 9 | 05.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите и успешно го нацртаа она што им е најважно и што би го ставиле во својот ковчег. |
| | Мојот идентитет во скапоцен ковчег | Vб | 10 | 12.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите, успешно дебатираа за сличностите и разликите во ова што им е најважно, ги украсија и наполнија своите ковчези и ја реализираа изложбата. |
| | Мои јаки страни - претставени како цвет | Vб | 12 | 19.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите и успешно ги идетификуваа нештата што им се допаѓаат кај себе, а и умееа да ги претстават добрите нешта на своето другарче од парот. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Мои јаки страни - претставени како цвет | Vб | 12 | 26.12.2024 | Учениците со задоволство учествуваа во активностите и успешно ги воочија своите добри особини и јаки страни, но и на останатите ученици. |
| | Интегритет, норми и вредности – тоа е важно за мене | VIа | 15 | 02.12.2024 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели. |
| | Важноста на образованието и работата – давам сè од себе | VIа | 15 | 16.12.2024 | Работилницата успешно се реализира. |
| | Донесување правилни одлуки – работилница за донесување одлуки | VIа | 15 | 23.12.2024. | Работилницата успешно ги постигна главните цели. |
| | Управување со финансии – мојот џепарлак | VIа | 15 | 30.12.2024. | Работилницата успешно се реализира. |
| | Интегритет, норми и вредности – тоа е важно за мене | VIб | 11 | 02.12.2024г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели. |
| | Важноста на образованието и работата – давам сè од себе | VIб | 11 | 16.12.2024г. | Работилницата успешно се реализира. |
| | Донесување правилни одлуки – работилница за донесување одлуки | VIб | 10 | 23.12.2024г. | Работилницата успешно ги постигна главните цели. |
| | Управување со финансии – мојот џепарлак | VIб | 10 | 30.12.2024г. | Работилницата успешно се реализира. |
| | Знам како да планирам и да се организирам | VIIIб | 12 | 20.12.2024 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Вистински или лажни? | VIIIб | 10 | 09.12.2024 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Треба или не? Која е правилната одлука? | VIIIб | 11 | 16.12.2024 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Што ми дава сила? Што ме попречува? | VIIIб | 9 | 23.12.2024 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Сите сме еднакви, но некои се поеднакви од другите | IXа | 13 | 02.12.2024 | Реализирал класен раководител: Зоран Пржовски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Желби за подобар свет доколку бев волшебник | IXa | 14 | 09.12.2024 | Реализирал класен раководител: Зоран Пржовски |
| | Сите добиваат: добро за сите | IXa | 14 | 16.12.2024 | Реализирал класен раководител: Зоран Пржовски |
| | Желби и потреби | IXa | 15 | 23.12.2024 | Реализирал класен раководител: Зоран Пржовски |
| | Конфликти – разрешување и менаџирање на конфликти | VIa и VIб | 21 | 12.02.2025 | Реализирана од страна на психологот - Мери Синадиновска Учениците развија свесност за конфликтна ситуација, свесност за природата на конфликтите, особено конфликтни ситуации во нивните паралелки. |
| | Конфликти – разрешување и менаџирање на конфликти | VIa и VIб | 20 | 21.02.2025 | Реализирана од страна на психологот - Мери Синадиновска Учениците размислуваа за доживувањата на конфликтна ситуација и начините на реагирање во неа. Станаа свесни  за саботерите на разрешувањето на конфликтите Свесно ги бараа вистинските причини за конфликтот и можностите за позитивно разрешување. |
| | Што видовте денес? | IIa | 29 ученици | 06.02.2025 | Учениците кажаа што виделе во текот на денот и сето тоа го прикажаа илустративно. |
| | Силата на моите нозе | IIa | 29 ученици | 13.02.2025 | Учениците кажаа што се можат да прават со нивните нозе, набројуваа активности во текот на денот |
| | Ѕвезда со моите вештини | IIa | 29 ученици | 20.02.2025 | Учениците умеат да  си ги вреднуваат своите најдобри вештини(таленти,она што најубаво го прават) и сето тоа го истакнуваат на видно место во училницата. |
| | Моето семејство е добро во овие работи | IIa | 29 ученици | 27.02.2025 | Учениците умеат да проценат дека секое семејство е добро во нешто. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | „Обезбедување квалитетен живот” Справување со мали и тешки проблеми во паралелката | Va | 14 ученици | 06.02.2025 | Учениците со задоволство учествуваа во активноста. Секој од нив препозна проблем во одделението и успешно ги поделија на индивидуални и заденички проблеми. |
| | „Обезбедување квалитетен живот” Справување со мали и тешки проблеми во паралелката | Va | 11 ученици | 13.02.2025 | Учениците со задоволство учествуваа во активноста. Секој од се обиде да најде начин како да се реши одреден проблем |
| | “Обезбедување квалитетен живот” Важноста на правилата на паралелката - изготвување договор | Va | 14 ученици | 20.02.2025 | Учениците со задоволство учествуваа во активноста. Соработуваа во парови и заеднички дискутираа за изборот на правилата. |
| | “Обезбедување квалитетен живот” Важноста на правилата на паралелката - изготвување договор | Va | 15 ученици | 27.02.2025 | Учениците со задоволство учествуваа во изработување на договор на паралелката и успешно го потпишаа. |
| | Дали и воздухот е храна? – Загадување на воздухот | VIa | 12 | 03.02.2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Биди смирен и работи напорно – психо-физичко здравје | VIa | 15 | 10.02.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Моето тело е здраво – идеална диета? | VIa | 14 | 17.02.2025г. | Работилницата успешно ги постигна главните цели |
| | Пушење и алкохол – опасни предизвици | VIa | 14 | 24.02.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Дали и воздухот е храна? – Загадување на воздухот | VIб | 9 | 03.02.2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Биди смирен и работи напорно – психо-физичко здравје | VIб | 9 | 10.02.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Моето тело е здраво – идеална диета? | VIб | 9 | 17.02.2025г. | Работилницата успешно ги постигна главните цели |
| | Пушење и алкохол – опасни предизвици | VIб | 10 | 24.02.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Работи кои ги сакам | II-a | 21 | 6.3.2025 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Работи кои не ги сакам | II-а | 18 | 13.3.2025 | / |
| | Мојата омилена храна | II-а | 23 | 20.3.2025 | / |
| | Си играм со моите другарчиња | II-а | 23 | 27.3.2025 | / |
| | Работи кои ги сакам | III-а | 16 | 06.03.2025 | / |
| | Работи кои не ги сакам | III-а | 13 | 13.03.2020 | / |
| | Мојата омилена храна | III-а | 10 | 20.03.2025 | / |
| | Си играм со моите другарчиња | III-а | 14 | 27.03.2025 | / |
| | Работи кои ги сакам | III-б | 15 | 06.03.2025 | / |
| | Работи кои не ги сакам | III-б | 13 | 13.03.2020 | / |
| | Мојата омилена храна | III-б | 10 | 20.03.2025 | / |
| | Си играм со моите другарчиња | III-б | 13 | 27.03.2025 | / |
| | Се е во ред! Навистина? | IV-а | 27 | 3.3.2025 | / |
| | Се е во ред! Навистина? | IV-а | 25 | 10.3.2025 | / |
| | Приказни за скарување и смирување | IV-а | 25 | 17.3.2025 | / |
| | Нашиот договор на правила | IV-а | 23 | 24.3.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот”Моето здравје е важно | V-а | 15 | 06.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот”Моето здравје е важно | V-а | 14 | 13.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот” Моето тело и како тоа се менува во пубертет | V-а | 14 | 20.03.2025 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | “ Здрав начин на живот” Моето тело и како тоа се менува во пубертет | V-a | 14 | 27.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот”Моето здравје е важно | V-a | 15 | 06.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот”Моето здравје е важно | V-a | 13 | 13.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот” Моето тело и како тоа се менува во пубертет | V-a | 13 | 20.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот” Моето тело и како тоа се менува во пубертет | V-a | 13 | 27.03.2025 | / |
| | “ Здрав начин на живот”Моето здравје е важно | V-a | 13 | 06.03.2025 | / |
| | Области на занимањата и лични склоности- мојот профил | VIa | 12 | 03.03..2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Откривање на потенцијалите-како се гледам себеси, како ме гледаат другите | VIa | 15 | 10.03.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | За што се залагам-Ова е моето лого | VIa | 14 | 17.03.2025г. | Работилницата успешно ги постигна главните цели |
| | Училишен проект - Рециклирање | VIa | 14 | 24.03.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Области на занимањата и лични склоности- мојот профил | VIб | 11 | 03.03..2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Откривање на потенцијалите-како се гледам себеси, како ме гледаат другите | VIб | 9 | 10.03.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | За што се залагам-Ова е моето лого | VIб | 11 | 17.03.2025г. | Работилницата успешно ги постигна главните цели |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Училишен проект - Рециклирање | VIб | 8 | 24.03.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Како изгледа работата? | VIIIб | 12 | 03.03.2025 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Училишта и занимања – стари или нови? | VIIIб | 10 | 10.03.2025 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Волонтирање и практикантска работа – зошто? | VIIIб | 10 | 17.03.2025 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Пишување добра кратка биографија (CV) | VIIIб | 12 | 24.03.2025 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Како може да ја стимулираме мотивацијата? | VIIа | 15 | 12.03.2025 | Реализирал: Мери Синадиновска - психолог Учениците се насочија на освестување на своите потреби, мотиви, јасно поставување на целите и осмислување на стратегиите за доаѓање до целта. |
| | Семејствата се различни | IIа | 24 | 3 и 10.4.2025 | / |
| | Зошто семејството е важно? | IIа | 22 | 17 и 24.4.2025 | / |
| | Моето семејство | IIIа | 15 | 3.4.2025 | / |
| | Моето семејство | IIIа | 13 | 17.4.2025 | / |
| | Моето семејство | IIIб | 15 | 3.4.2025 | / |
| | Моето семејство | IIIб | 13 | 17.4.2025 | / |
| | Моето другарче е посебно | IV-а | 24 | 7.4.2025 | Реализирана од Кристина Андриќ Стојановска |
| | Што можам да правам со и за другарчињата? Час 1 | IV-а | 22 | 14.4.2025 | Реализирана од Кристина Андриќ Стојановска |
| | Што можам да правам со и за другарчињата? Час 2 | IV-а | 25 | 28.4.2025 | Реализирана од Кристина Андриќ Стојановска |
| | Јаки страни кои ги посакувам- животно на еден ден | Vа | 14 | 03.04.2025 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Јаки страни кои ги посакувам- животно на еден ден | Va | 15 | 10.04.2025 | / |
| | Фокусирање на моите јаки страни -мојот план од пет чекори | Va | 15 | 17.04.2025 | / |
| | Фокусирање на моите јаки страни -мојот план од пет чекори | Va | 15 | 24.05.2025 | / |
| | Јаки страни кои ги посакувам- животно на еден ден | Vб | 13 | 03.04.2025 | / |
| | Јаки страни кои ги посакувам- животно на еден ден | Vб | 13 | 10.04.2025 | / |
| | Фокусирање на моите јаки страни -мојот план од пет чекори | Vб | 13 | 17.04.2025 | / |
| | Фокусирање на моите јаки страни -мојот план од пет чекори | Vб | 13 | 24.05.2025 | / |
| | Одговорна употреба на мобилните телефони и социјалните медиуми | VIa | 12 | 07.04.2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Одговорна употреба на мобилните телефони и социјалните медиуми | VIa | 12 | 14.04.2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Сајбер насилство | VIa | 12 | 28.04.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Одговорна употреба на мобилните телефони и социјалните медиуми | VIб | 9 | 07.04.2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Одговорна употреба на мобилните телефони и социјалните медиуми | VIб | 9 | 14.04.2025г. | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | Сајбер насилство | VIб | 9 | 28.04.2025г. | Работилницата успешно се реализира |
| | Моите медиуми, моите емоции | VIIIб | 12 | 07.04.2025 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Запознавање со различни рекламни стратегии | VIIIб | 13 | 28.04.2025 | Работилницата успешно ги постигна предвитените цели |
| | „Слушање со разбирање – градење емпатија“ | VIIа | 12 | 07.04.2025 | Реализирана од Емилија Богдановска – педагог |
| | „Светот е поубав кога зборуваме убаво“ | VIа | 14 | 28.04.2025 | Реализирана од Емилија Богдановска – педагог |
| | Менаџирање на стресот | Vа | 15 | 22.04.2025 | Реализирана од психолог Мери Синадиновска |
| | Менаџирање на стресот | Vб | 14 | 22.04.2025 | Реализирана од психолог Мери Синадиновска |
| | Моите медиуми, моите емоции | VIIIа | 10 | 12.5.2025 | Работилницата предизвика голем интерес кај учениците |
| | Критички и креативен пристап кон рекламите | VIIIб | 10 | 05.05.2025 | Активностите помогнаа учениците да ги препознаат скриените пораки во рекламите.<br>• Учеството беше активно, особено при создавање алтернативни пораки.<br>• Во иднина, активностите може да се прошират со гостин предавач од маркетинг агенција или новинар.<br>• Следен чекор – ученичка изложба: „Нашите реклами со порака“. |
| | Сексуална злоупотреба | VIIIб | 13 | 15.05.2025 | Темата беше обработена внимателно и со чувствителен пристап.<br>• Учениците беа отворени и активно се вклучија во дискусиите, особено при сценаријата.<br>• Некои ученици споделија лични примери, што отвори простор за дополнителна поддршка.<br>• Следен чекор: организирање на посета од експерт (психолог, полициски службеник) за безбедност и дигитална писменост. |
| | Менаџирање на стресот | Vа и Vб | 20 | 07.05.2025 | Реализирал: Мери Синадиновска - психолог |

## 15. Поддршка на учениците

### 15.1 Постигнување на учениците

Наставниците применуваа формативно и сумативно оценување, во согласност со наставните методи и инструменти кои беа соодветни за наставата. Согласно законската регулатива за деветгодишното основно образование и реформата на оценувањето, учениците од I до III одделение (прв развоен период) беа оценети описно на крајот на учебната година, додека учениците од VI до IX одделение (втор и трет развоен период) беа оценети бројчано.

Постигнатиот успех е прикажан во прилог на оваа годишна програма, со детален преглед по одделенија и развојни периоди. Податоците укажуваат дека најголемиот дел од учениците постигнаа задоволителни резултати и напредуваа според очекуваните стандарди. Сепак, кај дел од учениците се забележуваат послаби постигања, што најчесто е резултат на нередовно присуство на наставата. Овој проблем е особено изразен кај дел од учениците од ромската заедница, каде честите отсуства влијаат негативно врз нивниот вкупен успех и напредок.

### 15.2 Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците се запознаваат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

Координаторот на програмата психологот Мери Синадиновска заедно со наставниците од VIII и IX одд ги реализираа предвидените активности од програмата за професионалната ориентација на учениците. Училиштето им помагаше на родителите, старателите и на учениците при избор на средно училиште, согласно со нивните способности и афинитети. Психологот во училиштето користи различни активности, чек листи, тестови за утврдување на нивните способности, интереси и можности на учениците и се реализира програма за професионална ориентација за учениците од деветто одделение.

Во текот на учебната 2024/2025 година се оствариja низа активности за професионална ориентација на учениците од IX одд. и надвор од предвидената програма како на пример соработката со наставникот по иновации каде се одржа заедничка ИКТ презентација за изработка на CV и мотивационо писмо каде на учениците им беше презентирано за начинот на пишување на CV и мотивационо писмо и потоа тие да напишат свое.

| Реализирана програмска активност | Целна група | Ресурси | Реализатори /соработници | Време на реализација | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Работилница „Мојата идна професија” | Ученици од IX одд. | Стручна литература | Психолог | 24.10.2024 | Учениците го изразија сопствениот интерес за избор на професија |
| Ликовно творештво на тема: Моето идно занимање | Ученици од IX одд. | ученици | Психолог, Наставници | 29.10.2024 | Учениците создадоа сопствена визија за рофесијата од интерес |
| Избирање на најуспешните трудови и подготвување училишно пано ,,Моето гледање кон иднината” | Ученици од IX одд. | ученици | Психолог, Наставници | 11.11 2024 | Изработено пано |
| Писмен состав на тема: Сакам да бидам | Ученици од IX одд. | ученици | Наставници по македонски јазик | 23.10 2024 | Учениците станаа свесни за одредени особини потребни за изборот на професија и истите писмено ги претставија |
| ИКТ презентација - изработка на CV и мотивационо писмо | Ученици од IX одд. | ученици | Психолог, наставник по иновации | 17.12.2024 | Стекнати теоретски знаења како се пишува CV и мотивационо писмо. Учениците пишуваа свое замислено писмо. |
| Работилница „Мојата идна професија” | Ученици од IXодд. | Стручна литература | Психолог | 11.02.2025 | Унапредување на компетенциите на учениците |
| Информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час | Ученици од IXодд. | Конкурсот од МОН | Психолог, Наставници | 31.03.2025 | Информирање за упис во средно образование |
| Спроведување на прашалник за професионални интереси RIASEK | Ученици од IX одд. | Прашалник за Професион ални инт ереси | Психолог | 06.03.2025 | Дадени препораки во однос на резултатите од спроведениот прашалник |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Работилница „Јас во училиштето“ | Ученици од IX одд. | Презентаци ја, разговори | Психолог | 06.03.2025 | |
| Советодавна работа со ученици и родители околу изборот на средно образование | Ученици од IXодд. | Конкурсот од МОН и резултати од спроведен тест или прашалник | Психолог | Во текот на месец април 2025 | Индивидуални разговори |
| Презентација од средните училишта | Ученици од IX одд. | Конкурсот од МОН | Професори од средни училишта | Во текот на месеците март, април и мај 2025 | Презентации од приватни и средни училишта од градот Скопје |
| Поставување на Конкурсот за запишување во средните училишта на огласна табла | Ученици од IX одд. | Плакати, флаери | Наставници, Психолог, Директор | Во текот на месеците март, април и мај 2025 | Презентации од приватни и средни училишта од градот Скопје |
| Поставување плакати за средните училишта и поделба на флаери за информирање на учениците за средните училишта | Ученици од IXодд. | Плакати, флаери | Надворешни соработници, стручни соработници, наставници | Во текот на месеците март, април и мај 2025 | Презентации од приватни и средни училишта од градот Скопје |
| Прогласување на првенец на генерација | Ученици од 9 то одделение и Ученички парламен | Известувањ е по конкурс | Психолог, Класен раководител | 05.06.2025 год. | Прогласена е за првенец на генерација Претседателот на ученички парламент Марија Јовчевска |

Одговорен: Мери Синадиновска - психолог

## 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација, злоупотреба, занемарување и дискриминација.

Остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од социо-емоционалната клима која постои во училиштето. Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока промоција на училиштето со активностите што се реализираат

во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба да ги почитува и исполнува, развивајќи ги сите позитивни страни на својата личност и идентитет. Со Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 стр. 1 и 2, член 4, 5 и 6) се дадени начела на основното образование, заштита од дискриминација и промоција на еднаквост како и афирмативните мерки со цел надминување на дискриминацијата и исклучување на деца и возрасни кои доследно се применуваа во реализацијата на воспитно образовен процес во нашето училиште преку планираните наставните програми и планираните активности, планови и програми во годишната програма за работа на училиштето. Активностите  се остваруваа низ различни наставни и вонваставни активности со учениците, вработените, родителите, односно старателите на децата во соработка со општините, согласно утврдените потреби од страна на училишниот одбор, советот на општината или Педагошката служба. Со овој закон во членовите 65 и 66 се утврдува заштита на интегритетот на учениците и спречување на насилство врз учениците. Со родителите се реализира програмата за советување и на родителите на учениците кои учествуваат во разни форми на насилство, со цел истото да биде надминато и елиминирано.

Социо - емоционалната клима во училиштето претставува збир на сите околности (физички, психолошки и социјални) во кои се одвива воспитно- образовниот процес, како и мрежа на односи кои постојат меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес (наставници, ученици, училиштен персонал, семејство). Во училиштето се изготви содржина за ранлива група на ученици за кои препорака даваа одделенскиот ракводител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручните соработници, во соработка со родителите. Наставниците и стручните соработници содејствуваа кон интеграција на ранливата група на ученици и соработка со нивните родители. Во оваа група спаѓаат ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот). Содржините беа прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. За да се обезбеди почитување на личноста, негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Родителите континуирано и навремено беа информирани за сите активности кои  превземаа во училиштето во рамките на наставата и вонваставните активности.  Сето ова  се остваруваше преку родителските средби, Советот на родители, Училишниот одбор, приемни денови, но исто така и преку индивидуални разговори со одделенските раководители, наставниците, директорот, педагошко-психолошката служба. За подобрување на социо-емоционалната клима, потребни се интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа и високообразовните институции за поддршка на наставниците при планирање и реализација на овие содржини Со цел превенција и намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, се планираат работилници за превенција од насилство, болести на зависност, асоцијално однесување. Во текот на учебната 2024/2025 година, се реализираа активности - едукативни работилници со родителите, учениците и наставниците за следење на можните видови насилство, болести на зависности и асоцијално однесување за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, подобрување на нивните социјални вештини, намалување на насилството и појавата на болести од зависности во училиштето и надвор од него преку програмите за ранлива група ученици, за грижа

за здравјето на учениците, за превенција од насилно однесување, подмладок на црвен крст и други, во прилог на годишната програма за работа на училиштето.

## Превентивни училиштни политики и планови
## Политика за превенција и заштита од насилство

Врз основа на член 66 став 2 и 3 од Законот за основното образование ( Службен весник на Република Северна Македнија бр. 161/2019, 229/20, 3/25 и 74/25) и Упатсвото за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр.18-6570/1, 6.7.2020) во нашето училиште функционира тим за превенција од насилно однесување и креира училишна политика за намлување на насилството .

Задачи на Тимот за превенција и заштита од насилството се:

-Изработка на училишна политика за намалување на насилството;

-Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција;

-Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство;

-Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;

-Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности;

-Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;

-Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на учениците од насилство;

-Водење и чување соодветна документација;

-Известување на стручните тела и органи во училиштето.

Потребата и целта на воспоставување училишна политика

ООУ „Аврам Писевски" - Скопје се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

Цели на политиката:

Да се развива ненасилна етика во училиштето;

Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување;

Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување;

Да се намали насилното однесување во училиштето.

Дефинирање на насилството – кои однесувања се опфатени со политиката;

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации: возрасен – дете, дете– дете, возрасен – возрасен. Насилство се психички и физички пресметки, психо- физичко казнување, малтретирање, сексуално вознемирување.

Прекинување, запирање на насилството е обврска на сите кои имаат било какви сознанија или сомнеж дека се случува насилство.
Вработените имаат обврска да го запрат насилството и/или да ги известат надлежните во училиштето.
-Некои ситуации на психо-физичко насилство бараат итно и истовремено реагирање, згрижување на учесниците, известување на родителите и неодложно вклучување на релевантни институции
(здравствени, полиција, центри за социјална работа);
-Емоционалното или социјалното насилство исто така треба да се запре што побрзо. На ученикот кој трпи вакво насилство треба да му се пружи разбирање, доверба и сигурност;
-Доколку постои сомневање за било каков облик на семејно насилство, наставникот го известува Тимот кој понатаму превзема чекори во консултација со Центарот за социјална работа;
Смирување на ситуацијата (подразбира обезбедување на сигурност за ученикот, разговор со учесниците и набљудувачите).
Доколку се случува физичко или силно вербално насилство во првиот момент најважно е:
учесниците во насилството после раздвојувањето треба да се смират;
да се обезбеди соодветен простор и време за разговор;
да се побара помош од колега, стручната служба или Тимот доколку е потребно;
да им се објасни на учесниците дека целта е да се разреши конфликтот и дека двете страни ќе имаат прилика да кажат што се случило;
-да се договори со учесниците да се сослушуваат без да се прекинуваат, да не се навредуваат себе си, да бидат искрени;
-важно е да се делува синхронизирано, разговорот со учесниците за истата ситуација да не се одвива повеќепати од различни лица, туку во рамките на внатрешната заштитна мрежа да се обезбеди проток на информации важни за ефикасно реагирање.
Известување на родителите и превземање на итни акции (по потреба прва помош, лекарска помош, полиција,центар за социјална работа…) веднаш штом ќе се запре насилството.
Консултации во училиштето за проценка на ризикот и изработа на план за
заштита на сите учесници.Во консултациите се вклучуваа одделенскиот раководител, дежурниот наставник, стручната служба, тимот за заштита, директорот, заедницата на ученици.

Во оваа фаза Тимот го проценува степенот на ризик и одлучува на кој начин ќе го решава случајот, дали самостојно или со вклучување на релевантна институција. Важно е да се води сметка за доверливоста на податоците, заштитата на приватноста и ставање на интересот на детето над интересот на родителите и училиштето. Податоците до кои ќе се дојде се доверливи и може да се дадат на располагање само на службени лица ангажирани за постапките за заштита на ученикот од насилство.
Активностите беа насочени и кон ученикот кој покажуваше насилно однесување и кон учениците кои беа пасивни набљудувачи.
Мерки и активности се превземаа за сите нивоа на насилство и занемарување.План за заштита се направи за конкретна таситуација од второто и третото ниво за сите учесници во насилството. Планот за заштита содржи активности насочени кон промена на однесувањето – зголемена воспитна работа, работа со родителите, работа со одделенската заедница, вклучување на заедницата на ученици и советот на родители, а по потреба и Училишниот одбор; носителите на активностите,

временската динамика, начините за вклучување на сите учесници во насилството во заедницата.
Доколку е неопходна комуникација со медиумите, одговорен е директорот.
Ефектите од преземените мерки и активности ги следеа одделенскиот раководител, Тимот за заштита,стручната служба заради проверка на успешноста од преземените заштитни мерки и вреднување на постапките и процедурите кои беа применети во однос на сите учесници во насилството и понатамошното планирање на заштитата.
Документација, анализа, известување
Секој акт на насилство се евидентираше согласно договорениот начин на евидентирање во Училиштето. Евиденцијата за случаите на насилство ја водеше одделенскиот раководител (раководителот на паралелката).
Во обрасците се запишуваше: што се случило, кои се учесниците, како е пријавено насилството, какви се последиците, што се презело, на кој начин се вклучени родителите, одделенскиот раководител, стручната служба, други стручни лица, како и начинот на кој се следи ситуацијата. Сите службени белешки во врска со насилството ги водеше, чуваше и анализираше стручната служба.
Последици од насилното однесување се:
•Физички – модринки, грбнатини, посекотини, оштетени алишта и сл
•Емоционални – повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност
•Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење.

Образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од училиште.

Политиката за намалување на насилството во ООУ„Аврам Писевски“–Карпош, Скопје, се однесува на превентивни-интервентни активности. **Контакт лице за пријавување на насилство е психологот Мери Синадиновска, а заменик е Маријана Грчевска Чадиковска.**

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на училишниот Тим за превенција од насилство | Август 2024 | Членови на тимот | Наставници | Создадена програма за работа |
| На Наставнички совет – Запознавање со политиката за намалување на насилството и со задолженијата на наставниците | Август 2024 | Тимот за превенција од насилство | Наставници | Наставниците се запознаени со политиката за намалување на насилството и со нивните задолженија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Совет на родители – Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област. | Септември - Октомври 2024 | Тимот за превенција од насилство | Претставници во совет на родители | Претставниците  во советот на родители се информирани за политиката на училиштето за намалување на насилството. |
| Родителски состаноци - Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област, запознавање со правилата на однесување во училиштето | Септември - Октомври 2024 | Одделенските раководители Претставникот од Советот на родители | Родители | Родителите се информирани за политиката на училиштето за намалување на насилството |
| Стручно усовршување на наставниците<br>Што е насилство?<br>Како да се постапува во случај на насилство меѓу учениците | 11.12.2024<br>17.12 2024 | Онлај обуки - SmartUP | Наставници и стручни соработници | Вебинар - „Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците“.<br>Вебинар - „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери на добри пракси“ |
| Родителски состаноци - Што е насилство | Тековно | Одделенски раководители | родители/стара тели | Заеднички договор за примена на заеднички мерки за воспитувањето на ученикот. |
| Работилници со проблематични паралелки | Октомври 2024 - јуни 2025 | Психолог | Паралелки:<br>IIIa и IIIб<br>IVa,<br>VIa и VIб,<br>VIIa,<br>VIIIa и VIIIб, IXa | Исполнети се целите на работилниците за превенција од булинг.<br>Постигната е позитивна промена кај учениците. |
| Евидентирани се насилните однесувања и се следат промените од применетите активности | Септември 2024- јуни 2025 | Стручни соработници и наставници | Ученици од I-IX одд. | Спречени се понатамошни насилни однесувања од учениците, преку советоадвни разговори со учениците со психолог |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Часови на одделенската заедница - Изработка на правила на однесување во паралелката | Септември 2024- јуни 2025 | Одделенски раководители | Ученици од I-IX одд. | Усвоени правила на однесување на паралелката |
| Часови на одделенската заедница - Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето. | Септември 2024- јуни 2025 | Одделенски раководители | Ученици од I-IX одд. | Реализирани содржини според прирачникот за Животни вештини. |
| Интервентни мерки на Тим за превенција на насилството -Превземање на мерки и активности за моментално запирање на насилството. | Септември 2024- јуни 2025 | Одделенските раководители, Тимот за заштита учениците од насилство | Ученици од I-IX одд. | Превенирани се и запрени насилни инциденти во училиште |

Тим за превенција од насилство: Мери Синадиновска-психолог, Маријана Грчевска Чадиковска-дефектолог,

**Работа со ученици со емоционални проблеми**

Емоциите се поврзани со целокупниот психички живот на човекот, тие се редовна придружна психичка појава на секоја човечка активност. Кога човек перцепира некој објект, или некоја појава, кога учи, кога работи се одмара или размислува, кај него редовно се јавуваат некои емоции. Тие некогаш се позитивни (стенични), емоции и тогаш ја зголемуваат животната активностна организмот, а друг пат тие се негативни (астенични) емоции, и тогаш ги потиштуваат животните процеси во организмот и ги смалуваат резултатите од напорот. Емоциите не се само психичка придружна појава во активностите и во однесувањето на човекот, туку тие самите се двигател на многу човечки активности. Емоциите и емоционалните односи играат значајна улога во секојдневниот живот, во семејството, во училиштето, во работата, во одржувањето на здравјето и др.

Училишната возраст е многу значаен период како правилно или неправилно ќе се развијат, ќе се усовршат и ќе се изразуваат емоциите кај децата. Во тој процес битна е улогата на наставникот и психологот и нивната комуникација со учениците. Најпрво од самиот наставник зависи како ќе влијае и како ќе се развива емоционалниот живот на учениците, зошто тие го голтаат секој ваш поглед, секој ваш збор, секое ваше чесно или нечесно однесување, испитување, оценување. Наградувањето и казнувањето треба да биде јавно и прецизно образложено и да биде во согласност со индивидуалните емоционални и други особини на ученикот. Наставникот најмногу треба да обрне внимание и да работи на проблемот на контрола и на изразување на емоциите.

| Реализирана програмска активност | Време за реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1.Изготвување прашалник за идентификација на учениците со емоционални потешкотии | 02.09. 2024 | Психолог, педагог, дефектолог | Ученици со емоционални потешкотии | Изготвен  прашалник за идентификација на учениците со емоционални потешкотии |
| 2.Евидентирање на учениците кои манифестираат емоционални потешкотии | Континуриано | Наставници, психолог, педагог, дефектолог | Ученици со емоционални потешкотии | Водење уредна евиденција |
| 3.Примена на психолошки инструменти | По потреба | Психолог, педагог | Ученици со емоционални потешкотии | Зададени КТЗ скала и Фредериков тест на емоционална зрелост кај 6 ученика, евидентирана проценка |
| 4.Советодавни разговори со ученици кои манифестираат емоционални проблеми | Во текот на учебната година | Психолог, педагог | Ученици со емоционални потешкотии | Евиденција од разговорите - индивидуалната работа |
| 5.Средби и советодавни разговори со родители на ученици кои манифестираат емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Психолог, педагог | Ученици со емоционални потешкотии и нивните родители/старатели | Евиденција од разговорите - индивидуалната работа |
| 6.Препораки за родителите/старателите на ученици кои имаат емоционални проблеми | Во текот на учебната година | Психолог, педагог | Родители/старатели | Евидентни листи од разговорите |
| 7.Препораки за наставниците за работа со овие ученици | Во текот на учебната година | Психолог, педагог | Наставници | Евиденција од разговорите |

**Тим на стручни соработници: Мери Синадиновска - психолог, Емилија Богдановска - педагог, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог**

## Поддршка на ученици кои подолго отсуствуваат од настава

Причините поради кои учениците отсуствуваат од настава вообичаено се најразлични, но кога тоа отсутво е подолготрајно училиштето превзема соодветни активности како на ученикот да му помогне да го надополни пропуштениот наставен материјал и полесно да надмине пробелмите и потешкотиите и да се прилагоди во паралелката и училишната средина. За секое отсуство од училиште родителот е должен да го информира одделенскиот раководител за причините на отсуството на ученикот и да донесе соодветен документ (лекарска белешка).

Доколку ученикот има поголем број од 10 неоправдани изостаноци родителот и ученикот се упатуваат на советување кај училишниот психолог согласно процедурата за Советување на родители и ученици од МОН. Во согласност со Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 70 , 72, 76 и 77 регулирани се постапките кои треба да се превземат за учениците кои се подлого отсутни од училиште (оправдано или неоправдано отсутво).

| Реализирана програмска активност | Реализатор | Целна група | Време на реализација | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Разговор/ Информирање за причините за отсуство со Родителите, разговор со учениците консултаци и, извештаи и мислења од здравствени и др. установи | Стручни соработници, Наставници, Родители, Ученици, стручни лица од др.институции, директор | Ученици од I-IX одделение | Континуирано во текот на годината | Прибрани податоци извршена проценка на состојбата на ученикот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изработка на индивидуален план за ученикот/Прилагодување на содржините консултации со одделенскит е и преметните наставници, водење на досие на ученикот следење на присуството на ученикот на настава | Стручни Соработници, Родители, Наставници, одд.раковдители, стручни лица од др.институции, директор | Ученици од I-IX одделение | Континуирано во текот на годината | Изготвен индивидуален план за поддршка на 7 Ученици и модифицирана програма за 2 ца ученици. |
| Одредување на насоки/методи за работа, следење на настава, давање насоки и Упатства на учениците кои подолго време остуствуваат од настава. | Стручни соработници, ученици, родители, наставници, одд.раковдители, стручни лица | Ученици од I - IX одделение | Континуирано до надминување на проблемот во текот на годината. | Применети дадени насоки и упатства, реализира ни активности од планот поддршка на учениците. |
| Континуирана соработка со сите наставници, проверување на ученикот со соодветни методи, информирање на родителите | Стручни соработници, ученици, родители, наставници, одд.раковдители, стручни Лица, од др. институции, директор | Ученици од I - IX одделение | Континуирано до надминување на проблемот во текот на годината. | Евиденција за присутност на часовите поддршка на ученикот, намалено отсуство на ученикот од наставниот процес, надминати причините за отсутво информир ани се родителит |

**Тим на стручни соработници: Мери Синадиновска - психолог, Емилија Богдановска - педагог, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог**

## Вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници од странство

Училиштето им овозможува систематаско прифаќање и непречено вклучување во воспитно образовниот процес и на учениците кои претходно од најразлични причини се испишале од училиштето или се повратници од странство . За да се овозможи нивно непречено вклучување во воспитно образовниот процес во училиштето директорот, стручните соработници и одделенските раководители превземаат активности со родителот, ученикот, а по потреба се консултираат и со надворешни надлежни институции. Целта на овие активности не е само вклучување

на ученикот во воспитно образовниот проецес туку негово емоционалоно социјално прифаќење од страна на соучениците во паралелката во училиштето.

| **Реализирана програмска активност** | **Реализатор** | **Целна група** | **Време на реализација** | **Постигнати ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Разговор со родителите разговор, со учениците за причините за повторно запишување на ученикот, консултации, извештаи и нострификации од МОН, преведница, друга документација и информаци од претходното образование на ученикот | Стручни соработници, родители, ученици, стручни лица од др.институции , директор | Ученици од I - IX одделение | Период на повторен упис во првото полугодие | Анализа на прибрани податоци, Проценка на капацитетите на ученикот за успешно прилагодување во Паралелкатата. Во првото полугодие иамме само 1 ученик повратник. |
| Интервју со ученик Избор на паралелка во која ќе се вклучи ученикот Разговор со одделенскиот раководител, подговтвување на учениците во паралелката з новиот учени Вклучување на ученикот во паралелката | Стручни соработници, родители, наставници, одд. раковдители стручни лица од др. институции директор | Ученици од I - IX одделение | Период на повторен упис, во. месец септември 2024 година | Вклучување на ученикот во воспитно образовниот проце во паралелката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Давање насоки и информации на наставниците за успешно вклучување на ученикот во Континуирана соработка со сите наставници и примена на соодветни методи за прилагодување на ученикот на наставниот процес Информирање на родителите за текот на поцесот на адаптација | Стручни соработници, ученици, родители, наставници, одд. раковдители, стручни лица од др. институции директор | Ученици од I - IX одделение | Континуи рано до надминув ање на проблемот во текот на годината | Успешно адаптиран ученик во наставниот процеси во согласно со неговиот најдобар интерес а со цел максимално расвивање на неговите способности и капацитети Ученикот со училишниот психолог, вклучен во воннаставни активности - музички претстави, Континуирана соработка со родителите се родителите |

Под ученици повратници се подразбираат деца на родители/старатели кои заминале во странство и од било кои причини се вратиле во државата и мора да бидат вклучени во образованието. Во првото полугодие имаме 1 ученик, вклучен во четврто одделение. Ученици со надмината возраст се вклучени 3 ца ученици, еден вклучен во 2 ро одделение, 1 ученик во третто одделение и 1 ученик во четврто одделение.

**Тим на стручни соработници: Мери Синадиновска - психолог, Емилија Богдановска - педагог, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог**

## Работа со ученици со потешкотии во учењето

| Реализирана програмска активност | Вклучени субјекти | Инструменти и техники кои се користат | Времен ска рамка | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| -Формирање на тим за соработка<br>-Одредување  временски период за соработка со наставници<br>-Одредување  начин и временски период за соработка со родители | -Ученици<br>-Стручни соработници (психолог, педагог)<br>-Наставници (одд. раководител, други наставници)<br>-Родители<br>-Стручни лица од други институции | -Скала за проценка на потешкотии во учењето<br>-Тестови за општи интелектуални способности<br>-Проективни техники<br>-Стручна литература<br>-Наставни средства и помагала | Континуирано во текот на годината | -Формиран е тим за соработка<br>-Идентификувани се учениците со потешкотии во учењето, 84 ученици<br>-Одреден е временски период и начин за соработка со наставници и родители |
| -Водење на ученичко досие<br>- Одредување  начин и временски преиод за соработка со родители<br>- Одредување  начин и временски преиод за соработка со други институции | Ученици<br>-Стручни соработници (психолог, педагог)<br>-Наставници (одд. раководител, други наставници)<br>-Родители<br>-Стручни лица од други институции | -Интервју ( разговор) со ученикот, наставникот и родителот<br>--Проективни техники<br>-Стручна литература<br>-Наставни средства и помагала | Континуирано во текот на годината | -Идентификуван/откриен е проблемот кај конкртен ученик<br>-Остварена е соработка со сите вклучени субјекти<br>-Користени се планирнаите инструменти, техники и наставни средства и помагала<br>-Водено е ученичко досие |
| -Следење на протоколот за работа<br>-Одредување методи за работа<br>-Континуирана соработка со сите вклучени субјекти<br>-Редовно известување за сите претходно планирани активности за конкретиот ученик<br>-Проверување на ученикот | -Ученици<br>-Наставници<br>-Стручни соработници<br>-Родители | -Прирачници за примена на соодветни методи и техники за учење<br>- Стручна литература<br>-Наставни средства и помагала | Континуирано во текот на годината | -Вклучени се сите субјекти<br>- Изведени се планираните активности<br>-Ученикот е проверен со соодветни методи<br>-Информирани се родителите |

**Тим на стручни соработници: Мери Синадиновска - психолог, Емилија Богдановска - педагог, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог**

**Запишување деца кои не биле вклучени во настава, односно ученици со надмината возраст, деца бегалци и деца без државјанство**

Училиштето им овозможува  систематаско прифаќање и  непречено вклучување во воспитно образовниот процес и на учениците кои претходно од најразлични причини не биле

вклучени во настава или имале подолг прекин во школувањето, да го остварат своето право на основно образование под еднакви услови како и останатите деца. Ова право го имаат и децата со странско државјанство или деца без државјанство, децата бегалци, баратели на азил, децата под супсидијарна заштита и децата под привремена заштита кои престојуваат во нашата држава.

Училиштето се грижи да се овозможи вклучување на овие ученици во соодветно одделение врз основа на проверка на нивното знаење со инструменти утврдени од страна на Бирото за развој на образованието. За децата бегалци и децата без државјанство, пред проверката на знаења се организира изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и поддршка во надоместување на знаењата по одредени наставни предмети во траење од една година.

Во првиот период на основното училиште се вклучуваат ученици до 10 години, при што училиштето се води по принципот најголемата разлика меѓу ученикот што се вклучува и другите ученици да не е поголема од 2 години;

Во вториот период на основното училиште се вклучуваат ученици до 15 години, при што училиштето се води по принципот најголемата разлика меѓу ученикот што се вклучува и другите ученици да не надминува 2 години, односно 3 години доколку ученикот е вклучен во шесто одделение;

Сите ученици кои наполниле 16 години, а не го завршиле основното училиште, го продолжуваат основното образование по програмата за образование за возрасни.

Училиштето превзеде активности за овозможување на нивно непречено вклучување во воспитно образовниот процес во училиштето. Директорот, стручните соработници и одделенските раководители превземаат активности со родителот, ученикот, а по потреба се консултираат и со надворешни надлежни институции. Целта на овие активности не е само вклучување на ученикот во воспитно-образовниот процес туку негово емоционалоно и социјално прифаќење од страна на соучениците во паралелката во училиштето.

| Реализирана програмска активност | Вклучени субјекти | Инструмени | Временска рамка | Постигнати ефекти |
|---|---|---|---|---|
| - Разговор со родителите разговор, соучениците консултации,<br>- извештаи и нострификации од МОН, преведница, друга документација и информаци од претходното школување на ученикот, доколку има. | Стручни соработници, родители/старатели, ученици, стручни лица од др. институции, директор | Записник | Период на упис - септември - декември 2024 | Анализа на прибрани податоци, Проценка на капацитетите на ученикот за успешно прилагодување во паралелкатата, запишани **4 ца ученици со надмината возраст, 1 во 2 ро одд, 1 во 3 то одд и 2 во 4 то одделение .** |
| Разговор со одделенскиот раководител, подготвување на учениците во паралелката за новиот ученик Вклучување на ученикот во паралелкта | Стручни соработници, родители/старатели, наставници, одд. раковдители, стручни лица од др. институции директор | Интервју со ученик | Период на упис - септември - декември 2024 | Вклучување на ученикт во воспитно образовниот процес во паралелката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Континуирана соработка со сите наставници и примена на  соодветни методи за прилагодување на ученикот на наставниот процес. Информирање на родителите за текот на процесот на адаптација. | Стручни соработници, ученици, родители/старатели, наставници, одд. раководители, стручни лица од др. институции директор | -Континуирано следење на неговото адаптирање во паралелкта -информации од одделенскиот раководител и наствниците кои предаваат во паралелката, информации од ученикот информации од соучениците во паралелката -социометриска постапка, разговори на ученикот со училишниот психолог | Континуирано до надминување на проблемот во текот на годината | Успешно адаптиран ученик во наставниот процес во согласност со неговиот најдобар интерес, а со цел максимално разивање на неговите способности и капацитети. Континуирана соработка со родителите/старателите |

**Тим на стручни соработници: Мери Синадиновска - психолог, Емилија Богдановска - педагог, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог**

## 16. Оценување

Следењето и проверувањето на напредокот и постигнувањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигнувањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки. Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5). Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во текот на учебната година, оценувањето на учениците се спроведуваше согласно Законот за основно образование. Учениците од I до III одделение се оценуваа со описни оценки, додека учениците од IV до VI одделение се оценуваа со описни и бројчани оценки. Учениците во третиот развоен период се оценуваа со бројчани оценки за сите периоди.

Секој наставник редовно спроведуваше формативно и сумативно оценување преку домашни задачи, проверка, проекти и писмени тестови. Наставниците применуваа индивидуален пристап во најдобар интерес на сите ученици, со посебно внимание на оние со попреченост.

Во текот на учебната година немавме потреба од повторна проверка на знаењето на ученик/ученици или одржување на поправен испит, но училиштето продолжува да обезбедува поддршка доколку е потребно, вклучително и за ученици со одличен општ успех кои посебно се истакнуваат и можат побрзо да напредуваат.

Севкупно, активностите беа насочени кон доследно спроведување на стандардите и следење на индивидуалниот напредок на секој ученик.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење анализа и поддршка го сочинуваат: стручни соработници, двајца предметни наставници и двајца одделенски наставници. Тимот ќе работи според програма која ќе ја изготви во месец септември, а која ќе содржи активности насочени кон поддршка на учениците во Постигнување на подобри резултати. Во текот на учебната година, тимот ќе прави анализа на состојбите со оценувањето преку користење на инструменти за прибирање податоци, а ќе изготвува и извештаи за постигнувањата кои ќе бидат јавно презентирани пред наставниците.

Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на Директорот, како и од страна на Бирото.

Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и Постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето во текот на учебната година 2024/2025 правеше анализа на состојбата на постигнатите резултати и даваше поддршка на наставниците кои не посетиле обуки за оценување.

Тимот за следење, анализа и поддршка беше составен од Љубица Манов - предеметен наставник, Ана Деспотовска - одделенски наставник, Маријана Грчевска Чадиковска - дефектолог со конкретни задолженија, со операционализиран план за следење/период, наставен предмет/, СВОТ анализа на состојбите со оценувањето (квартално, по тримесечија споредбено), анализа на состојбата на постигнатите резултати на наставниците, поддршка за наставниците кои беа иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето. Планот е во прилозите на годишниот извештај.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар

Во согласност со модерните трендови во наставата, а со цел подобрување на квалитетот на истата, неминовна е потребата од следење на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар. Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручните соработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови на чини преку кои може да се види истата. Насоките за следење на квалитетот на

работата го врши директорот и стручните соработници кои имаат за цел да придонесат поквалитетна настава во самото училиште.
Врз основа на својата Годишната програма има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати во годината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид кај секој наставник во наставата. Увидите имаат за цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетот на работата:
Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива во рамките на три подрачја:
Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
Следење на реализацијата на вонннаставните активности.

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|
| Проверка на годишни програми | 20.09.2024 - 20.10.2024 | Директор, психолог | Изработени годишни програми |
| Посета на часови | Во текот на второто полугодие (6 посети) | Психолог | Посетите придонесоа за подобрување на наставната пракса;<br><br>Идентификување на силните страни и предизвиците |

| **Цел на стручните посети** | **Опфат** | **Период** | **Активности** | **Инструмент** | **Намена** | **Позитивни практики** | **Области за унапредување** | **Област** | **Препорака** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Добивање реален увид во наставната практика | Наставни часови и воннаставни активности | Септември – Ноември 2024 | Иницијални посети: организација на часови, атмосфера, однос наставник–ученик | Образец за следење на наставен час | Анализа на структура, ученичка активност и психолошка клима | Добра атмосфера на часовите и соработка наставник–ученик | Подобро управување со време и структура на часот | Наставни методи | Поголема примена на интерактивни техники и критичко мислење |
| Идентификување на силните страни и предизвиците | Наставници и ученици | Декември 2024 – Февруари 2025 | Средишни посети: примена на методи, индивидуализација, евалуација | Образец за следење на воннаставни активности | Следење на мотивација и динамика на групата | Ученици мотивирани при активни методи и ИКТ | Поголема индивидуализација за ученици со ПОП | Индивидуализација | Поддршка за наставници во работа со ученици со посебни образовни потреби |
| Предлог-мерки за унапредување на работата | Индивидуални и колективни препораки | Март – Мај 2025 | Завршни посети: следење на напредок, проектни активности, завршна анализа | Белешки по посета, Разговор со наставник | Детални согледувања и препораки и Повратна информација и стручна поддршка | Висока мотивација на воннаставни активности | Поголемо поттикнување на дискусија и критичко мислење | Одделенска динамика, Дигитални алатки, Ученичка активност | Организирање на работилници за управување со групна клима, Продолжување на добрите практики во нивна употреба, Поттикнување на групна работа и соработка |

| Заклучок | Образложение |
|---|---|
| Посетите придонесоа за подобрување на наставната пракса | Обезбедени се значајни информации за квалитетот на наставата;<br><br>Зајакната е поддршката за наставниците и подобрена е психосоцијалната клима во училиштето |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

За да се утврди квалитетот на работата на основното училиште на секои две години согласно Законот за основно образование се изготвува самоевалуација.

За таа цел беше избрана комисија за спроведување на самоевалуацијата во состав:

1. Мери Синадиновска - психолог,
2. Оливера Петрушевска - одделенски наставник,
3. Ана Дионисиева - предметен наставник,
4. Александра Гаврилоска - одделенски наставник,
5. Снежана Богдановиќ - родител.

Самоевалуација на училиштето се изработи на крајот од наставната 2024/2024 година и ги опфати учебните 2022/2024 и 2024/2024 година. По спроведената самоевалуација, училишната комисија даде извештај во кој се детектирани клучните јаки страни во работењето на училиштето и слабите страни. За надминување на слабите страни комисијата даде насоки за подобрување и унапредување на квалитетот во работењето на училиштето и унапредување на воспитно-образовната работа.

Предмет на самоевалуацијата се четири клучни подрачја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето. Комисијата за спровдување на самоевалуацијата формира тимови од наставници и стручни соработници кои работеа на секое подрачје поединечно.

Самоевалуацијата се спроведе во четири фази:

- фаза на подготовка;
- фаза на собирање податоци
- фаза на анализа на податоци
- Фаза на пишување извештај.

За таа цел се користи целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, резултатите од спроведените анкетни прашалници за родителите, учениците и наставниците, согласно индикаторите за секое подрачје.

## 17. Безбедност во училиштето

Како и секоја учебна година, училиштето се грижи за безбедноста на сите ученици, вработени, родители и посетители како и за училишниот објект. Во училиштето се водеше континуирана грижа за обезбедување и отстранување на места кои може да придонесат за повреди, направен беше план за евакуација, а во оваа учебна година се извршија и пробни евакуации со цел да се избегне паничното реагирање во некои критични ситуации. Определени беа дежурства на наставниците за време на наставата како и во училишниот двор.

Во текот на учебната година се спроведе вежба според План со одредени задачи ,вежби и едукациии за заштита од опсности и елементарни непогоди.(заштита и гасење пожар ).

Во учебната 2024/2025 год. училиштето реализираше повеќе активности со цел создавање услови за пријатен и безбеден престој на учениците. Таа одговорност ја имаа сите вработени во училиштето, директорот и наставниците.

Посебна улога за заштита и безбедност на учениците во текот на наставниот ден имаа дежурните наставници кои беа определени со распоредот на наставните часови и

дежурства. Дежурните наставници се грижеа за редот и дисциплината во училиштето за време на часовите и одморите, го означуваа почетокот и завршувањето на часовите. Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **Правилник за заштита од пожари и експлозии** како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани

мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

- **План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај

на елементарни незгоди.

- **Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи** во кој се пропишани правилата за постапување во случај на

евакуација.

- **План за едукација и заштита на учениците** во случај на елементарни незгоди.

- **Кодекс на однесување** за учениците, наставниците, родителите и надворешни лица и Куќен ред.

- **Протокол за заштита на учениците од насилство**, злоупотреба и запоставување во училиште

- **Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва** на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

- **Распоред на дежурства на наставниците** беше истакнат на видно место. Со обезбедување на дежурство од страна на наставниците за време на одморите се водеше грижа за безбедноста на учениците.

## 18. Грижа за здравјето

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализаци ја** | **Реализатор** | **Целна група** | **Постигнати цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Осигурување на ученици | Септември / октомври | училиште | Ученици од 1-9 одделение | Надомест за евентуални повреди |
| Работилница: Одржување на лична хигиена (правилно миење на рацете). | 05.09.2024 | Одделенски наставници | Ученици од прво одделение | Правилно одржување лична хигиена |
| Форум за Имунизација за здрави заедници – ХПВ и морбили, | 18.09.2024 | Предавачи ангажирани од Општина Карпош | Директор, Психолог | Стекнати знаења и информации за новстите од областа на имунизацијата за ХПВ и морбили |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предавање за редовно оддржување на личната хигиена (миење на раце, заби, тело), за храната која секојдневно ја конзумираме и корисни препораки за стекнување на навики за подобро здравје. Релизирано од: Стручно медицинско лице од Центарот за јавно здравје | 24.09.2024 | | | Правилно одржување лична хигиена |
| Работилница за хигиена и орално здравје | 03.02.2025 | Реализирано од страна на ЗДЃП, од страна на Др.Весна | Ia, и IVa | Правилно одржување лична хигиена |

19.

Изработила: Мери Синадиновска - психолог

## 18.1.Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува од страна на техничкиот персонал, но со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои протокол за одржување на хигиената во учлниците, ходниците и училишниот двор.
Во текот на учебната 2024/2025 год. хигиената се одржуваше според дадените протоколи и упатства од Ценатарот за јавно здравство и МОН.
Значајна улога одиграа одделенските раководители и сите останати наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Исто така не помалку значајна улога треба да превземат и родителите во јакнењето на личната хигиена кај учениците.

## 18.2.Систематски прегледи

Здравствената заштита и здравственото образование опфаќа систематски прегледи за учениците од прво, трето, петто и седмо одделение. второ,четврто и шесто одделение кои се реализираат во соработка со Здравствениот Дом Ѓорче Петров, а во придружба на одделенскиот раководител од паралелката.

### 18.3. Вакцинирање

Освен систематските прегледи, здравствената заштита и здравственото образование опфаќа и имунизација и вакцинација на учениците од прво, второ и осмо одделение. Истите беа реализирани без да се попречува наставата во придружба на одговорните одделенски раководители. Целосната евиденција за оваа активност ја води психологот на училиштето.

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНИ на учениците во учебната 2024/2025 год.**

| Ред. бр. | Дата и време | Оддел. | Систематски, стоматолошки, вакцинации | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | 18.09.2024 | Директор, Психолог | Форум за Имунизација за здрави заедници – ХПВ и морбили | Организирано од Општина Карпош |
| | 24.09.2024 | I, II, III и IV одделение | Предавање за редовно оддржување на личната хигиена (миење на раце, заби, тело), за храната која секојдневно ја конзумираме и корисни препораки за стекнување на навики за подобро здравје. | Стручно медицинско лице од Центарот за јавно здравје |
| | 24.09.2024 | VIIa | Систематски стоматолошки преглед | Здравствена книшка |
| | 03.10.2024 | IIa | Редовна ревакцинација со вакцина DTP и Polio | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 04.10.2024 | IXa | Редовна ревакцинација со вакцина DT и Polio | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 03.10.2024<br>04.10.2024 | VIa<br>VIb | Систематски стоматолошки преглед | Здравствена книшка |
| | 13.11.2024 | VIIa | Редовна вакцинација HPV за момчиња и девојчиња | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 14.11.2024<br>15.11.2024 | Va<br>Vб | Систематски стоматолошки преглед | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 26.11.2024 | Ia | Систематски преглед, крвна слика и МРП вакцина | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 27.11.2024 | Совет на родители | Предавање за ХПВ вакцина | Предавањето беше организирано од Македонската асоцијација на гинеколози |
| | 13.12.2024 | IVa | Систематски стоматолошки преглед и залевка на заби | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 03.02.2025 | Ia, и<br>IVa | Работилница за хигиена и орално здравје | Реализирано од страна на ЗДЃП, од страна на Др.Весна |
| | 07.02.2025<br>10.02.2025 | IIIa<br>IIIб | Систематски преглед | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 11.02.2025<br>13.02.2025 | Va<br>Vб | Систематски преглед | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 14.02.2025 | VIIa | Систематски преглед | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 06.03.2025<br>07.03.2025 | IIIa<br>IIIб | Систематски преглед | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 19.03.2025 | IIa | Систематски стоматолошки преглед и залевка на заби | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |
| | 02.04.2025 | Ia | Систематски стоматолошки преглед и залевка на заби | Здравствена книшка, задолжително присуство на родител |

### 1. 4.Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Топол оброк нема во училиштето. Има ужинка која се дели пред големиот одмор на учениците што се хранат преку училиштето во соработка со општината и Ванила Фуд. Во рамките на грижата за здравјето на учениците во училиштето се организираа едукативни предавања кои се реализираа на часовите на одделенската заедница на кои учениците се запознаа со правилниот начин на исхрана. Исто така училиштето организира активности со кои го одбележи Светскиот ден на храната на 16 Октомври со цел едукација на учениците и родителите, подигање на свеста и промоција.

## 2. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица.
Одговорните наставници на активи по одделенија изготвуваат месечни планирања на дежурствата со кои е покриен училишниот простор (ходници по катови, училиштен двор, дежурни наставници кои ги згрижуваат учениците од одделенска настава од завршување на наставата, до 16 часот). Планирањата се истакнуваат на видно место во училиштето.
Континуирано се работи со учениците за конструктивно решавање на сите училишни прашања (одделенските раководители, ученички парламент, стручни соработници, директор). Се планираат и применуваат форми и методи на активна настава со кои се унапредува работната атмосфера во училницата/мотивирачка и кооперативна.

### 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во многу сегменти од воспитно-образовниот процес се водеше грижа за естетско и функционално уредување на училиштето. За естетското и функционално уредување на просторот во училиштето одговорни беа сите субјекти, а особено учениците со цел да се подигне свеста за зачувување и разубавување на околината водејќи сметка и за мулти- културализмот во училиштето. Естетското уредување на училиштето има големо значење за атмосферата во која учат и престојуваат учениците. Со едноставните активности кои ги изведовме во училиштето како варосување, декорирање и разубавување на просторот, ние како тим придонесовме и создадовме пријатна и инспиративна средина која ја поттикнува креативноста и учењето. Активностите кои беа реализирано се: средување на дворот односно дел за игра и забава на децата , варосување, глетување и декорирање на училниците каде што се поставени смарт телевизори и спортската сала.

### 19.3.Етички кодекси

Во училиштето се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на ситесубјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно

Законот за основно образование и интерните Правилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот.

Правилникот е даден во ПРИЛОЗИ

### 1. 4.Односи меѓу сите структури во училиштето

Во рамките на своите активности, стручните соработници ќе организираат индивидуални средби и разговори со вработените, родители, ученици за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани и разни начини на дружење и соработка. Нивото на соработка со родителите ќе го одржуваат сите наставници, а посебно одделенскитесоработници, со помош и поддршка на стручната служба и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени ќе го одржуваат наставниците исто така со помош и поддршка на стручната служба и директорот.

## 2. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Психологот води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот. Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи анкета за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците

ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки. Истовремено настваниците и професионално се надградуваат преку приватни обуки. Исто така, и оваа учебна година секој наставник и стручни соработници, како и директор задолжително изработија свој Личен план за професионален развој и Извештај за истиот, според стандарди и компетенции за директор/наставници/стручни соработници, а потоа на ниво на стручни активи се изработи еден за Годишна програма на училиштето за професионален развој.

## 20.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдија на првите состаноци на стручните активи во месец август. Во текот на првото полугодие сите понудени обуки беа доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите беа разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците оддржуваа дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност беа изготвени и извештаи. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

## 20.2.Активности за професионален развој

Во текот на учебната година сите понудени обуки беа доставени до наставниците за кои беа наменети или стручните соработници, истите беа разгледани и зависно од можностите беа посетени. После учеството на обуки, учесниците се одржуваа дисиминации во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност беа изготвени и извештаи.

## 20.3 Личен и професионален развој

На наставниците, стручните соработници и останати вработени, им беше овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења секако ги применуваат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците го стекнуваа во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано и во сопствена режија. Наставниците и стручните соработници изработија личен план за професионален развој и унапредување на компетенциите, по претходно направена самопроценка и со поддршка на психологот. Следствено на тоа изработија и извештај за унапредените компетенции до крајот на јуни 2025 година до Тимот за професионален развој.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти | Наставници и стручни соработници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „Асретивна комуникација кај децата“ | 14.10.2024 | Психолошки центар - Алтернатива | Вработени во образование, родители и др. | Унапредени компетенции | Психолог |
| „Отворен ден за искуствено учење“ | 24.10.2024 | Здружение на граѓани - Еко Логик и ООУ„Петар Поп Арсов“ | Сите заинтересирани за екологија | Унапредени компетенции, за користење на природните ресурси | Психолог, наставник по англиски јазик, наставник по географија |
| Обука за наставниците по физичко и здраствено образование за работа со деца со аутизам во редовните основни училишта | 25.10.2024 и 15.11.2024 | ”Сина Светулка” | Обука за наставниците по физичко и здраствено образование | Унапредени компетенции | наставниците по физичко и здраствено образование |
| „Прекумерно коцкање кај младите, превенција и справување во училиште“ | 27.11.2024 | Дидакта Нова | Вработени во образование и др.релевантни институции | Градење капацитети | Психолог |
| „Законски обврски, стратегии и примери на добри практики за заштита и учество на учениците“ | 11.12.2024 | Смарт АП | Сите вклучени во воспитно - образовниот процес на учениците | Градење капацитети | Психолог, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери на добри практики“ | 17.12.2024 | Смарт АП | Сите вклучени во воспитно - образовниот процес на учениците | Градење капацитети | Психолог, |
| „Примена, задавање и интерпретација на тестот - тест на поврзување на точки (ТПТ-мк)“ | 23 и 25.01.2025 | АС - АНИМА | Психолози | Градење капацитети | Психолог |
| „Потребни компетенции на менторите во основните училишта“ | 13 и 14.03.2025 | Институт за Бизнис и Менаџмент Хајделберг | Наставници и стручни соработници | Градење капацитети | Психолог и Предметен наставник |
| „ Дислексија и дисортографија ” | 15.03.2025 | АРБ Институт | Обука на дефектолог | | Дефектолог |
| „Сензорна интеграција и сензорни дисфункции кај децата“ | 22.03.2025 | АРБ институт | Обука за наставници и стручни соработници | Унапредување на компетенции | Психолог |
| „ПИРЛС“ | 08.04.2025 | ДИЦ | Училишни координатори | Унапредување на компетенции | Психолог и педагог |
| Национална конференција „Преку инклузивно образование до еднаквост - Патот кон младинско општество“ | 15.04.2025 | ХЕРА | Вработени во образование | Градење капацитети | Психолог, наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| „Воведна обука за развој на кариера во основните училишта“ | 21.052025 | МОН | Психолог - одговорно лице за професионален развој на ученици | Унапредување на компетенции | Психолог |
| „Етика на однесување“ | 08.07.2025 | ООУ„Аврам Писевски“ - фацилитатор и Мери Синадиновска и Александра Илиевска | Вработени во образование | Унапредување на компетенции | Стручни соработници, наставници |
| „Асертивно однесување“ | 09.07.2025 | ООУ„Аврам Писевски“ - фацилитатор и Александра Илиевска и Мери СИнадиновска | Вработени во образование | Унапредување на компетенции | Стручни соработници, наставници |

Тим за професионален развој: Александра Смилковска - директор, Мери Синадиновска - психолог и Емилија Богдановска - педагог

## 20.4.Хоризонтално учење

Сите наставници или училишни координатори на проекти по посета на било која обука, одржуваат дисиминација во училиштето. Сознанијата споделуваат и на стручните активи и отворените часови. За таа цел се изработени акциски планови од страна на сите оние кои  ги презентираат содржините пред останатите наставници и стручни соработници.

## 1. 5.Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во нашето училиште, тимската работа е силна страна на училиштето. Истата ќе продолжи и понатаму да се гради и надградува преку повеќе форми на активности: соработка во рамките на активите, поттикнување на почитување и флексибилност преку индивидуални и групни средби со вработените, учениците и родителите, како и редовно потсетување на кодексот на однесување и постоечките правилници во училиштето.

| Реализирана програмска активност | Време на реализациј а | Реализатор | Целна група | Постигнати цели и остварени ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање на наставниците со Законот за наставници и стручни соработници и правилникот за професионален развој | Август 2024 | Директор, стручни соработници | наставници, стручни соработници | Поттикнати наставници за професионален напредок и постигнување повисоки резултати во работата и кариерата |
| Поддршка на наставниците и стручните соработници | Во текот на целата учебна година | Директор, стручни соработници тим за професионален развој | наставници, стручни соработници | Мотивирани наставници и стручни соработници за напредување во знаењата |
| Овозможување услови за реализација на активностите превземени од страна на наставниците и стручните соработници | Во текот на учебната година | Директор, стручни соработници тим за професионален развој | наставници, стручни соработници | Поголема мотивација за работа, поголем квалитет во работата, поголема креативност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поттикнување на наставниците и стручните соработници за кариерен развој | Континуирано | Директор,стручни соработници, Тим за професионален развој | наставници, стручни соработници | Зголемена соработка меѓу раководниот орган , поголема ангажираност од страна на наставниците и стручните соработници |

Тим за професионален развој: Александра Смилковска - директор, Мери Синадиновска - психолог и Емилија Богдановска - педагог

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

(Се наведува распоредот за прием на родителите/старателите (наставник, ден во неделата и час), се презентира планот за вклученоста и партиципацијата на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку советот на родители и училиштниот одбор. Исто така, се наведува програмата (сега извештајот) за работа на советот на родителите).

Во текот на првото полугодие беа одржани состаноци на Совет на родители во кој учествуваа по еден член (родител) од секоја паралелка, по еден наставник од актив и Стручна служба. Претседателот на Советот на родители ги организираше средбите на кои се реализираа активностите предвидени со програмата на Совет на родители за периодот на првото полугодие. Годишниот извештај од Советот на родители е во прилог.

Во текот на учебната 2024/2025 година се настојуваше да се подобри соработката со родителите, особено со родителите на учениците од ромската етничка припадност. Тоа е еден од приоритетите на нашето училиште – родителите да бидат поактивнии да учествуваат во реализација на наставните планови и програми што е приложено во акциски план.

Преку Советот на родителите се изврши детекција на родители кои покажуваа интерес за учество во организирање средби и акции со кои семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали според нивните материјални можности. Родителите беа вклучени во донесување на одлуки, преку советот на родители, ученичката заедница, детската организација, советот на паралелка и на ниво на училиште во училишниот одбор.

### 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонаставните активности

Информираноста на родителите за сите промени кои следеа во текот на првото полугодие се реализираа преку:

- преку Советот на родители

- преку групни и индивидуални средби со наставници

- преку Стручната служба на училиштето

- преку Е-дневникот

- преку web страна на училиштето

**21.3.Едукација на родителите/старатели**

Едукацијата на родителите се реализираше преку Советот на родители и родителските средби. Психологот вршеше советувања за родителите/старателите според Програмата за советување на родители/старатели и ученици (индивидуална и групна)

Едукацијата на родителите/старателите го опфаќа стандардното планирање и организирање на едукативни работилници, програма за советување родители/старатели на ученици, според Законот за основното образование. Едукацијата на семејството вклучува и советодавно - консултативни работилници (индивидуални и групни), посета на семејства на терен и др. Реализирани се голем број советувања на родители/старатели на ученици кои:

- нередовно посетуваат настава (посета на семејства на терен заради нередовно посетување настава),
- имаат намален училишен успех или
- несоодветно однесување.

Преку проектот: „Советувалиште за родители при општина Карпош", реализиран преку програмата - „РОДИТЕЛСТВО ЗА ЦЕЛОЖИВОТНО ЗДРАВЈЕ" за родители на деца на возраст од 6 – 10 години - РЦЗ - Деца, спроведена од Регионалниот Експертски Центар за родителски вештини при невладината групација „Алтернатива", под покровителство на општина Карпош, обучените фацилитатори од нашето училиште: Александра Гаврилоска - одделенски наставник и Мери Синадиновска - психолог, даваа индивидуална поддршка на семејствата. Семејствата кои имаа потреба од дполнителна поддршка, истата ја добиваа во „Канцеларијата за родителство", лоцирана во ООУ„Јан Амос Коменски", која работи под покровителство на Општина Карпош.

Целта на оваа програма беше подобрување на менталното здравје на родителите и на децата и унапредување на родителските вештини, ставови и компетенции за создавање на психолошко здрави и стабилни личности.

# 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Во учебната 2024/2025 година училиштето активно соработуваше со:

**Локалната заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)**

Во текот на учебнат 2024/2025година училиштето активно учествуваше со свои претставници на најразлични манифестации меѓу кои се:Денот на Општина Карпош,

литературни.ликовни , музички спортски манифестации. Имавме соработка со локалната заедница од типот на различни средби.

**Институции од областа на културата**
Во текот на учебната 2024/2025година беа остварени посети на ликовни колонии, филмски фестивали. Исто така учениците учествуваа на објавените литаратурно-ликовни конкурси

**Институции од областа на образованието**
| **Истражување на воспитно образовната работа** | Истражување за состојбата со насилно однесување во училиштето.<br>-Реализиран проектот за превенција од насилство: *Крени глас против врсничкото насилство.* | | Септември 2024-Декември 2024<br><br>Февруари 2025 – Мај 2025 | Психолог, директор, ученици, Тим за превенција од насилство | Прашалнииици, консулатции, анкети, Работилници | -Анализа на насилното однесување во училиштето извештаи;<br>-Спроведени анкети од страна на Психологот во училиштето, за откривање на состојбата, превенција од булинг и насоки за подобрување на насилното однесување.<br>-Реализирани 16 работилници од проектот: *Крени глас против врсничкото насилство.* |
| **7. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | | | | | | |
| **Област** | **Реализирани активности** | | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/ресурси** | **Активности и ефекти** |
| **Училишна структура и организација ( планирање, следење на настава , педагошка евиденција и** | Увиди во педагошката евиденција и документација. | | Тек на годината | Психолог, Директор, Комисии | Увиди/ документи, разговори советувања | -Водење на сопствен дневник за работа, професионално портфолио на наставници;<br>- Ажурирање на податоците и документацијата Следење на Законска регулатива и унапредување на работењето на училиштето |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| документација и евалуација) | | | | | | |
| | Изработка на сопствена годишна и месечна програма за работа | | Август 2024 | Психолог | План, документи | -Активности на психологот низ учебната година<br>-Изработена Годишна и месечна програма за рабоата на психологот |
| Училишна клима, безбедна средина и демократско учество | Советодавна помош и поддршка на ученици со загрозено здравје, ученици по ризик и ученици кои се често отсутни од настава | | Во текот на годината | Психолог,<br>Наставници,<br>Ученици,<br>Родители | Советување, разговор, следење, | -Евиденција на психолог;<br>-Записници, извештаи од активности,<br>-Извештаи од посети на терен, посети на домовите на семејствата на учениците;<br>-Помош, советодавна поддршка на ученици по ризик и ученици со здравствни и друг вид проблеми;<br>- Грижа за здравствената заштита и континуирано следење на систематските и стоматолошки прегледи. |

**Изработила: Мери Синадиновска - психолог**

| РАБОТА СО УЧЕНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИСХОД** |
| Индивидуални и групни средби со учениците.<br>Интервенирање при несоодветно однесување на ученици;<br>Идентификување и поддршка за различни образовни потреби на учениците;<br>Подобрување на мотивираноста за учење. | Континуирано | Стручни соработници | Наставници, родители/ старатели | Разговор со учениците;<br>Разговор со родители/старатели; |
| Прибирање податоци за личниот и социјалниот развој на учениците. | Континуирано | Стручни соработници | Наставници | Набљудување на учениците;<br>Разговор со учениците; |
| Следење на успехот на учениците повратници и ученици кои се запишале во текот на учебната година и нивната адаптација во новата средина. | Континуирано | Стручни соработници | Наставници, родители/ старатели | Разговор со учениците;<br>Разговор со родители/старатели;<br>Соработка со наставници; |
| Замена во одделенска настава (IV-а одделение) | Ноември - декември | Педагог | / | Работа со ученици;<br>Работа со родители;<br>Водење педагошка евиденција и документација; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на учениците во учењето** | **Континуирано** | **Педагог** | **Наставници** | **Работилница на тема *„Стилови на учење"*<br>Индивидуални и групни разговори со ученици;<br>Брошура за ученици *„Техники за успешно учење "*** |
| **Работа со ученици со потешкотии во учењето** | **Континуриано** | **Педагог** | **Наставници, родители/старатели** | **Групни и индивидуални средби со учениците;<br>Водење портфолио на ученик;<br>Давање препораки и мислење за понатамошна работа со ученикот;<br>Разговор со родители/ старатели;<br>Разговор со наставници;** |
| **Учество во комисија за запишување на ученици во прво одделение** | **Мај** | **Педагог, психолог и одделенски наставник** | **Директор** | **Тестирање на ученици<br>Информативна брошура за ученици и родители;** |
| **Учество во комисија за тестирање на ученици со надмината возрасна граница во одделенска настава** | **Септември – октомври** | **Педагог, наставници** | **Директор, БРО** | **Тестриање на ученици;** |
| **Развивање на толеранција и позитивни односи помеѓу учениците** | **Прво полугодие** | **Педагог** | **/** | **Работилница *„Како да се реши конфликт на мирољубив начин"*** |
| **РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИСХОД** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прибирање податоци за учениците со потешкотии во учењето од одделенска настава** | **Септември – октомври** | **Стручни соработници** | **Наставници** | **Идентификациски листи;<br>Опсервација на ученици;** |
| **Известување на наставници и родители за новини.** | **Континуирано** | **Директор, стручни соработници** | **Наставници** | **Наставнички совет;<br>Писмено известување и/или усно известување на наставниците;<br>Проследување материјали;<br>Состаноци:** |
| **Соработка со наставници<br>- давање на мислење, насоки и упатства за планирање на час во прапралелки со проблематични ученици;<br>- давање на насоки за создавање стимулативна средина за учење;<br>- насоки за работа на наставниците со одделни групи и поединечни ученици.** | **Континуирано** | **Стручни соработници** | **Наставници** | **Индивидуални и групни средби со наставници;<br>Давање мислење и препораки;** |
| **Споделување/презентирање на добиените информации од проценката и анализата на успехот, редовноста и поведението на учениците за сите квалификациони периоди.** | **Континуирано** | **Педагог** | **Директор, стручни соработници и наставници** | **Состаноци;<br>Индивидуални и групни разговори со наставници;** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење на наставата од различни аспекти. | Континуирано | Директор, стручни соработници | Наставници | Увид во подготовките на наставниците;<br>Протокол за следење на час;<br>Повратна информација (писмена или усна) на наставниците; |
| **РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИСХОД** |
| Соработка со родители<br>- Групно и индивидуално советување на родители чии деца се соочуваат со потешкотии во учењето и/или несоодветно однесување, како и давање насоки за понатамошна комуникација и поддршка со децата. | Континуирано | Стручни соработници | Родители, наставници | Водење евиденција за остварени средби со родители /старатели;<br>Протоколи за разговор со родител/старател; |
| **СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА** | | | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИСХОД** |
| Соработка со институции во рамките на Министерството за образование и наука: БРО, ДИЦ, ДПИ | Континуирано | Директор, стручни соработници | БРО, ДИЦ, ДПИ | Разговори;<br>Закони;<br>Правилници;<br>Насоки за работа; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со невладина организација „Дендо вас“ | Континуирано | Претставници од Дендо вас | Директор, наставници и стручни соработници | Комуникација;<br>Состаноци; |
| Соработка со образовен медијатор | Континуирано | Директор, стручни соработници | Образовен медијатор | Комуникација;<br>Состаноци; |
| Соработка со Државен завод за статистика | Август | Педагог, секретар | Државен завод за статистика | Пополнети статистички обрасци; |
| Соработка со друштво за комуникациски услуги А1 Македонија | 11.02.2025 | А1 | БРО | Работилница на тема *„Интернетот не е само игра... Кликај безбедно“* |

**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА**

| РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | СОРАБОТНИЦИ | ИСХОД |
|---|---|---|---|---|
| Полагање на стручен испит за приправници | 21.11.2024 | Педагог | Ментор | Презентирање на резултати добиени од акционо истраување;<br>Презентирање на една воспитно – образовна задача;<br>Уверение за положен приправнички испит; |
| Состаноци со педагозите од другите училишта на реон на Општина Карпош | Месечно | Стручни соработници | Стручни соработници | Соработка, размена на искуства; |
| Посетена обука на тема „Екрани и деца“ | 29.03.2025 | Сензоленд | / | Соработка, размена на искуства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Учество во меѓународно тестирање ПИРЛС** | **20.03-11.04.2025** | **ДИЦ** | **/** | **Соработка, размена на искуства** |
| **АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | | | |
| **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИСХОД** |
| **Воспоставување систем за редовни анализи на одделни воспитно- образовни прашања во училиштето.** | **Континуирано** | **Педагог** | **Директор, стручни соработници, наставници** | **Изработка на инструменти за прибирање на податоци;** |
| **Прибирање и обработка на статистички податоци.**<br>**Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците за сите квалификациони периоди** | **Континуирано** | **Педагог** | **Наставници** | **Извештај за успехот и поведението на учениците во учебната 2024/2025 за сите квалификациони периоди;**<br>**Споредбен статистички извештај за двете полугдоија;** |
| **Идентификува потенцијални фактори кои може да доведат до неуспех и информира и дава препораки** | **Второ полугодие** | **Педагог** | **Наставници** | **Анкетен прашалник наменет за ученици;**<br>**Обработка на резултатите;**<br>**Давање повратна информација и препораки;** |
| **Истражување на интересите на учениците** | **Април/ мај** | **Психолог, педагог** | **Наставници** | **Анкета за СИП и ИП за учебната 2025/2026 ;**<br>**Обработка на резултатите;**<br>**Изготвување на распоред за СИП и ИП ;** |

| УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **СОРАБОТНИЦИ** | **ИСХОД** |
| **Изработка на годишна програма за работа на педагогот** | **Јули/август** | **Педагог** | **/** | **Годишна програма за работа на педагогот;** |
| **Изработка на месечна програма за работа на педагогот** | **Континуирано** | **Педагог** | **/** | **Изработени месечни планирања за работа на педагогот;** |
| **Придонес кон изготвување на полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.** | **Јануари<br>Јуни** | **Директор, стручни соработници, наставници** | **Локални авторитети** | **Полугодишен извештај за работа на училиштето;<br>Годишен извештај за работа на училиштето;** |
| **Обезбедување актуелни, законски усогласени и практични протоколи и обрасци за педагошката и административната работа, со можност за лесно следење, евиденција и применливост во секојдневната работа.** | **Континуирано** | **Стручни соработници** | **Директор** | **Изработени протоколи и обрасци за воедење и евидентирање на сопствената работа.** |
| **Водење евиденција за испишани и новозапишани ученици во текот на учебната година.** | **Континуирано** | **Педагог, психолог** | **Директор, наставници** | **Збирка податоци за испишани и новозапишани ученици;** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето.** | **Континуирано** | **Директор, , стручни соработници, наставници** | **/** | **Одделенски и наставнички совет; Тимови за поддршка на учениците;** |
| **Учество во градење на позитивна училишна клима<br>- индивидуални и групни разговори со учениците ;<br>- идентификување и превенирање во случај на дискриминација и нерамноправност во училиштето и преземање соодветни мерки;<br>-соодветна советодавна помош на учениците во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста.** | **Континуирано** | **Педагог, психолог** | **Директор, стручни соработници, наставници** | **Водење евиденција за остварени средби и разговори со ученици и родители / старатели;** |
| **Учество во изработка на годишна програма за работа на училиштето.** | **Јуни- август** | **Директор, стручни соработници, наставници** | **Локални авторитети** | **Годишна програма за работа на училиштето 2025/2026 година.** |

| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕФЕКТОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 | | | |
|---|---|---|---|
| **РЕАЛИЗИРАНА АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **ИСХОД** |
| Проценка на образовните потреби на учениците со ПОП со примена на соодветни техники и методи | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Детектирање на учениците со потешкотии и давање на непосредна поддршка |
| Работилници за подобрување на учењето на учениците преку едукација за модели на успешно учење | Прво полугодие | дефектолог | Подобрен успех на учениците |
| Запознавање и упатување на учениците, наставниците и родителите во соодветни институции за решавање на одредени проблеми | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници, наставници | Разрешени одредени ситуации и проблеми |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Индивидуални и групно поучување на учениците со потешкотии во учењето со однапред изготвен распоред | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Едукација на учениците за надминување на потешкотиите во учењето |
| Запишување ученици и формирање на паралелки | Мај-Август | Стручни соработници | Мотивирани ученици за поаѓање во училиште |
| Помош во адаптација на новата средина на учениците со ПОП | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог,наставници,родители,ОА | Подобрена работна атмосфера и дисциплина во паралелките на ученицит со ПОП кои се вклучија во редовна настава |
| Учество во изработка на ИОП и Модифицирана програма за учениците со ПОП | Септември | УИТ, ОА,наставници | Приспособени наставни содржини согласно нивните потреби и можмости |
| Учество во вршење ревизии на ИОП и Модифицирана програма | Декември-Јуну | УИТ | Следење на постигнатите/непостигнатите цели |
| Советодавна работа со учениците кои послабо напредуваат и имаат проблеми со начинот на однесување во паралелката, комуникацијата и поведението | континуирано во текот на цела учебна година | **Стручни соработници, наставници, родители** | **Подобрена комуникација, однесување и поведение кај учениците** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Следење на** успехот и напредокот на учениците во наставни и воннаставни активности | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници, наставници | Подобрено учење и поттикнати ученици за учество во воннаставни активности, постигнати солидни резултати |
| Помош на учениците за справување со кризни ситуации (болест, смрт, развод, насилство) | континуирано во текот на цела учебна година | Стручна служба, наставници | Стручна помош и поддршка на учениците во надминување на сосотојбите |
| Проверување на точноста во читањето на учениците, како и нивните предчитачки способности | септември | Дефектолог, педагог, одд наставници | Увид во усвоеноста на техниката читање кај учениците |
| Интервенирање при несоодветно однесување кај учениците и работилници на темата | континуирано во текот на цела учебна година | Стручна служба | Соочување и разрешување на настанатите конфликти и проблеми |
| Работилници по повод 3ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост,<br>Денот на ретките болести, Светскиот ден на лицата со Даунов синдром, 2ри Април - поддршка на лицата со аутизам | Декември, Февруари, Марти, Април | Дефектолог, УИТ | Развивање емпатија, препознавање и прифаќање на различностите , градење инклузивна средина и социјализација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Советување и следење на ранлива категорија на ученици<br><br>Конференција за подобрување на квалитетот на знаењто и редовноста на децата Роми во основните училишта во РСМ | континуирано во текот на цела учебна година<br><br>Јуни 2025 | Стручна служба, наставници<br><br>Дефектолог, психолог | Подобрен успех и поведение кај учениците<br><br>Изнаоѓање решенија за вклучување на учениците Роми но настава |
| Индивидуално и групно советување на учениците за правилен избор на понатамошно образование | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Советодавно насочување и правилен избор на учениците за идната професија |
| Стручна помош и поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Подобрен квалитет на работата на наставниците |
| Помош при изготвување на тестови за учениците со ПОП | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници | Правилен избор и изработка на тестовите на знаења за учениците со ПОП |
| Давање насоки и стручна помош за документирање на пстигањата на учениците (групни, индивидуални консултации) | континуирано во текот на цела учебна година | **Стручни соработници** | Правилно формативно следење и оценување на учениците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Состаноци со координаторите и одговорните на проектите и организациите во училиштето | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници, наставници | Евалуирани активности и предлози за следни акции и приоритети |
| **Поддршка на наставниците во однос на нивниот професионален развој** | континуирано во текот на цела учебна година | **Стручни соработници** | **Насочени и поттикнати наставници** |
| Советодавна помош и насоки на наставниците при изработка на ИОП, Модифицирана програма и диференцирани цели | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници, ОА | Добро организирани наставници и подготвени за работа со учениците со ПОП |
| Едукативни работилници за наставници (според потребите на наставниците) | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Подготвени наставници за работа со учениците |
| Следење и стручни консултации со наставниците за примена на активна настава во воспитно-образовниот процес и интеракција | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Применување на активна настава и интеракција во наставата |
| Објаснување и демонстрирање начини на кои може да им се помогне на учениците со тешкотии за користење различни приоди во учењето и совладувањето на материјалот | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Наставниците си ја подобрија својата работа и се мотивираа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реализација на часови во одделенска и предметна настава при замена на отсустен наставник | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Организирана редовна настава |
| Упатување на наставниците кон поефективна комуникација и соработка со родителите | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Оставена делумна комуникација наставник-родител/старател |
| Градење стратегија за соработка со одделни групи родители или поединци во разни области | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Активно вклучени родители во работата на училиштето |
| Реализирање стручни консултации и помош на родителите на учениците со ПОП | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Информирани родители на деца со ПОП за нивните права, обврски, бенефити мои може да ги добијат и упатени до релевантните институции за помош |
| Реализирање индивидуални консултации со родителите за изработка на ИОП и Модифицирана Програма и поддршка на учениците со ПОП | Септември | дефектолог | Приспособени наставни содржини согласно потребите на учениците |
| Советување со родителите чии деца се соочуваат со неуспех во учењето, нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Корисни и применливи материјали за едукација на родителите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Организирани групни и индивидуални средби за стручна помош и поддршка на родителите | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Едукација на родителите за надминување на потешкотиите во учењето на учениците |
| Активно вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес на своите деца | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Активно вклучени родители во воспитно образовниот процес |
| Реализирани активности меѓу училиштето и заедницата (хуманитарни, културни активност) | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници,родители | Успешна соработка со Локалната заедница |
| Соработување со Локалната заедница за промовирање на Инклузивноста во образованието | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници, родители | Подигната свест за хумаността и емпатијата и прифаќање на сите ученици подеднакво |
| Консултирање институции при работа со одредена група ученици, наставници, родители за сопствената работа | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници, родители | Соочување и справување со одредени ситуации и проблеми и нивно решавање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со Ресурсниот Центар | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, ОА,наставници | Успешно изградена инклузивна средина во училиштето |
| Упатени ученици, наставници и родители во соодветни институции за решавање одредени проблеми | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници, наставници, родители | Разрешени одредени конфликти и ситуации |
| Соработка со стручни институции и организации МВР, МКФ, ЗМЗ, МЦГО, МОН, БРО, ОУРЦ | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници | Подобрување на успехот и поведението на учениците |
| Внесување иновации во сопствената работа | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Подобрен квалитет во сопттвената работа |
| Планирање и евидентирање на сопствениот професионален развој | **Август - Септември** | дефектолог | Изработен личен план за професионален развој и евидентирани спроведени активности |
| Примена на практиката на новините од струката | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Имплементирани во наставата новостекнатите вештини |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Посета на семинари, обуки, дебати, работилници | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Унапредување на сопственото работење |
| Идентификување и предлагање теми за обука во училиштето | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Увид во потребите за професионален развој на наставниците и стручните соработници |
| Изработка на извештаи | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Изработени полугодишни и годишни извештаи |
| Изработка на програма за Инклузивен Тим на Училиштето | **Август** | УИТ | Изработена програма за инклузија |
| Изработка на акционен план на Инклузивниот тим | **Август** | УИТ | Изработен акционен план за инклузивниот тим |
| Изработка на Годишна програма на училиштето | **Август** | Стручни соработници, наставници | Изработена годишна програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење наставни часови, анализирање на сознанијата и предлог мерки за подобрување | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Квалитетна реализација на наставата |
| Соработка со стручните органи и тела во училиштето | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, наставници | Подобрен квалитет во воспитно-образовниот процес |
| Водење евиденција за работата со учениците со тешкотии, наставниците и родителите | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Документирање на спроведените активности |
| Учество во изработка на евидентните листови за постигнатиот успех кај учениците со ПОП | континуирано во текот на цела учебна година | дефектолог | Изработени евидентни листови |
| Учество во работата на инклузивниот тим на ученик | континуирано во текот на цела учебна година | Дефектолог, ОА | Успешна настава за учениците со ПОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Учество во одделенски, наставнички совет | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Информации, податоци, |
| | Идентификување и превенирање на случаите на дискриминација и нерамноправност во училиштето | континуирано во текот на цела учебна година | Стручни соработници | Отстранета секаков вид дискриминација и нерамноправност во училиштето |

**Изработила: дефектолог, Маријана Грчевска Чадиковска**

| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реализирани активности** | **Цели** | **Соработници** | **Време на Реализација** | **Методи и постапки при реализација** | **Исходи** |
| Изготвување на Годишна програма за сопствена работа и изработка на план на активности | Дефинирање на активностите Редослед на активност ит е | Директор, наставници | Јули Август | Согледувања од досегашната практика, извештаи за работа | Изготвена програма за работа и изготвен план на активности |
| Изготвува ње на полугодишен и годишен извештај за сопствената работа | Презентирање и проценка на работата | директор претседатели на Активитеи наставници, ментор | Јануари, Јуни | Обработка на податоци од дискусии, доставување на извештаи, | Изготвен полугодишен игодишен извештај за работата на библиотекар от |
| Водење на лично досие | Континуирана грижа за личниот професионален развој | Директор, ментор | Во текот на Учебната година | Следење на курсеви за библиотечно работење и добиени сертификати | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Учество во реализирање на воннаставните ученички активности | Пружање на стручна помош, насоки, поддршка на наставниците и учениците Следење на активностите | Директор , Наставници | Со предвидената динамика на реализација | Дискусии, предлози | Одбележување на месецот на книгата (лични творби и изложби на книги. Посета на друга библиотека -Издавање на книги и лектири<br>Поделба на детски печат |
| Насочување на интересот на учениците кон читање | Развивање љубов кон читањето и другарувањето содетска литература | наставници | Во текот на цела учебна година | Презентација, активности (песни,поетски читања, читање на глас), работилници за креативно пишување | Поетско читање на учениците (библиотекарски клуб) |
| Собирање и класификација на лектирите | Запознава ње со основните биографски податоци за авторите на лектирите и делата | наставници | Август – септември | Разговори, консултации со наставници те, добавувачи | Учениците полесно се Снаоѓаат во просторот на библиотеката и добиваат информации за книжевни дела Уредување на библиотеката |
| -Предавање за учениците за користење на Е- книги и користењето интернет во процесот на учење | Запо знав а ње на учен ицит е со Е- книги | библиотекар | септември | Разговор Презентација на учениците | Учениците се оспособуват да користат електронски книги |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Презентации | Развивање на свеста кај учениците за постоење на толеранција кај луѓето | Библотекар ученици | Во текот на цела учебна година | Презентација | Учениците да дознаваат повеќе за причините на конфликтите и проблемите, и да ги решат проблемите |
| Соработка со наставниците | Формирање навики за читање, раскажување, за бележење описи, карактеристики на места и ликови во книгите | наставници | Во текот на Учебната година | Работилници, разговори, презентација | Учениците се оспособуваат за самостојнода читаат ида ги Прераскажува ат Лектирите на час |
| Разговори со учениците и нивно едуцирање | Правилно користење на библиотечниот материјал | наставници | Во текот на Учебната година | Разговори, презентации | Учениците ги чуваат книгите кои ги позајмуваат од училишната библиотека |
| Соработка со стручниот тим, наставницит е и родителите | Учениците и родителите имаат полесен пристап до училишната библиотека и се информирани засите новости | Директор, наставници , родители | Во текот на Учебната година | известувања, предлози, презентации, отворен ден на училишната библиотека | Учениците почесто ја посетуваат библиотекатаи читаат повеќе книги |
| Упатување на учениците за можностите и начинот на користење на библиотеката | Развивање на информациона писменост, развивање читателски и други вештини кај учениците, како што се комуникациски, информациски,истра жувачки...Промовира ње на знаењата. | Библиотекар, наставници | Во текот на цела учебна година | известувања, предлози, презентации, отворен ден на училишната библиотека | Учениците доаѓаат до брз пристап на информации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање работилници, Работа со родители, Едукација на на родители, Комуникација и соработка со семејствата и заедницата | Информирање на родителите за услугите што училиштето и училишната библиотека ги нудат за поддршка на учениците | Родители, библиотекар, наставници, ученици | Во текот на цела учебна година | Разговори, презентации | Полесна пристапност до информации |

Изработил: Библиотекар, Митрички Татјана

| ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност** | **Носител** | **Временска рамка** | **Исходи** |
| Предлага Годишна програма за работа научилиштето | Членови на УО<br>Директор<br>Психолог | Август | Согледување на забелешките на членовите на Училишниот одбор околу содржините во Годишната програма |
| Донесува одлука за формирање посебен стручен тим за подготовка на<br>Програма за екскурзии и други слободни акривности Информации околу организирањето на екскурзиите | Членови<br>на УО<br>Директо<br>р | Август<br>,Септември<br>Април,Мај | Транспарентност во работата и начинот на изведување и реализирање на Ученичките екскурзии и други слободни активности. |
| Разгледување на активностите предвидени од Заедницата за учење во одделенска настава | Членови на<br>УО, Директор<br>Психолог | Во текот на<br>учебната<br>година | Спроведување на мултикултурни активности прекумултикултурни содржини каде ќе се промовираат вредностите на заедничкото живеење и почитување на разликите меѓу луѓето.<br>Согледување на придобивките од реализација на активностите предвидени од акционите планови од Заедницата за учење. |
| Разгледување и предлагање на финансискиот план и приграма за јавни набавки од мала вредност | Членови на<br>УО Директор<br>Секретар<br>Сметководител | Јануари | Согледување на забелешките на членовите на Училишниот одбор околу годишниот финансиски план инеговата реализација |
| Дава мислење на директорот за избор на наставници и друг персонал по основ на јавен оглас | Членови на УО<br>Директор<br>Секретар | Август<br>Септември<br>Октомври<br>Декември<br>Јануари ( по потреба) | Подобрување на квалитетот на работата и навременопополнување на ослободените работни места |
| Разгледување на приговори од наставниот кадар,стручните соработници и родителите идава мислење до директорот на основното училиште за нивни разрешување | Членови на УО<br>Директор<br>Секретар | Континуитано<br>во текот на<br>учебната2024/2025 година | Надминување на причините за поднесените приговори, доколу има приговори |
| Одлучува по жалба на ученици, родители,т.е.старатели | Членови на УО<br>Директор<br>Психолог | Континуитано<br>во текот на<br>учебната2024/2025 година | Надминување на причините за поднесените жалби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесување на одлука за донации и спонзорства во јавните дејности врз основа на член 22 став1 точка7, точка 8,и точка 9,член 36 ,став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РСМбр.5/2002)а е во врска со законот за донации и спонзорства во јавните дејности во јавните установи. УО донесе одлука училиштето ООУ,,Аврам Писевски,, да ги спроведува законските одредби во својство на приматал на донации и спонзорства , согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејност | Членови на УО | Декември, април | Подобрување на климата и условите за работа во училиштето |
| Разгледување на јавен оглас за издавање на училишен простор | Чleниви на УО и комисија за издавање на училишен простор | Септември 2024 | Објавени огласи во2 дневни весници |
| Усвојување на завршната финансиската сметка и усвојување на пописот за 2024година<br>Разгледување на планот за јавни набавки од мала вредност за 2024/2025 | Членови на УО директор секретар сметководител на училиштето | Февруари 2025 | Согледување на забелешките на членовите на Училишниот одбор во делот на финансиското работење на училиштето и пописот |
| Давање мислење за Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 | Членови на УО | Јули 2025 | Согледување на забелешките на членовите на Училишниот одбор околу содржините во Годишниот извештај за работа за училиштето |

Училишниот одбор е орган на управување на основото училиште. Конституиран е и работи според Законот за основно образование. Училишниот одбор во ООУ„Аврам Писевски“ е составен од 7 члена, избрани од редот на наставниот кадар, родителите, локалната самоуправа и МОН. Претседател на УО е Милан Иваноски- преставник од родителите. Записничар на УО е Наташа Весковски - претставник од наставниците.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ПРИ ООУ„ АВРАМ ПИСЕВСКИ“ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

**СЕПТЕМВРИ**

- Конституирање на Советот на родители со нови членови
- Информации за почетокот на новата учебна 2024/2025( директор, психолог)
- Запознавање со уписот на првачињата, нивната опфатеност според реонизацијата и резултатитеодуписите
- Годишен извештај за успехот на учениците во учебната 2024/2025 година ( директор)
- Информации за новите бесплатни учебници и напатствие за правилно користење на истите
- Запознавање на Советот на родители со Годишната програма за изведување на ученички екскурзии заучебната 2024/2025 година, согласно правилникот од МОН
- Донесување одлуки за објавување на Оглас за ученички екскурзии и настава во природа, ( вклучување на родителите во комисиите за разгледување на пристигнатите понуди и избор на најповолен понудувач)

**ОКТОМВРИ**

- Запознавање со Годишната програма за работа за учебната 2024/2025 година во ООУ „ АврамПисевски“( директор)
- Запознавање со предлог - програмата за работа на Советот на родители и нејзино надополнување
- Запознавање со Правилникот за работа и Деловникот за работа на Советот на родители
- Запознавање на родителите со *Кодексот на однесување во училиштето*
- Запознавање со предвидените проекти кои се планираат да бидат реализирани во текот научебнатагодина

**НОЕМВРИ**

- Информација на родителите за успехот, поведението и редовноста на учениците во првототримесечие во учебната 2024/2025 година ( директор)
- Информации за Советувањето со родителите ( психолог)
- Запознавање со Правилникот за наградување и педагошки мерки, како и запознавање соизречените педагошки мерки и пофалници
- Вклученост на родителите во активностите на училиштето – проектни активности.

**ДЕКЕМВРИ**

- Анализа на успехот и мерки за подобрување на истиот
- Заеднички активности во организирање на Новогодишни работилници и новогодишниот базар

**ЈАНУАРИ**

- Соопштување на успехот и поведението на учениците во првото полугодие во учебната 2024/2025 година
- Анализа на успехот и превземање мерки кои би довеле до подобрување на успехот и поведението

**ФЕВРУАРИ**

- Запознавање со нов В:Д.директор на училиштето,образложување на идеи за следен период.
- Дискусија околу проблемот со хакирање профил на една ученичка и објаснување од страна на наставникот по историја.
- Презентација на тема од страна на психологот на училиштето

**МАРТ** -Организирање активности – работилници по повод празниците (Ден на жената, Екологија, Денна шегата)

- Запознавање на родителите со спортските активности Информација за активностите на проектти кои претстојат со нивната реализација

-Договор за заеднички активности во организирање на работниците по повод Велигденските празници

**АПРИЛ**

- Известување во врска со дописот од Општинскиот просветен инспекторат
- Известување и избор на понуда за наставно-научна екскурзија

**МАЈ**

- Професионална ориентација на учениците ( информација за остварените средби и посети) – психолог -
- Патронен празник на училиштето - вклучување во активностите

**ЈУНИ**

-Соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година Анализа на успехот во учебната година 2024/2025 година.

- Извештај за реализираните активности и приоритети во работата, нерализираните активности,кои како приоритети остануваат да се реализираат во наредната учебна година

Забелешка:Согласно со Годишната програма за работа на Советот на родители предвидентите активности за учебната 2024/2025 се реализирани.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Наставничкиот совет е највисок стручен орган во училиштето кој води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа. Наставничкиот совет го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето, психологот, дефектологот и библиотекарот, а со него раководи директорот на училиштето.Оваа учебна година одржани се 23 наставнички совети.
Записничар на наставничкиот совет е одделенскиот наставник Оливера Петрушевска.

**Задачите на наставничкиот совет се :**

- Дава мислење по предлог на Програмата за развој и на Годишната програма за работа и го следи нивното реализирање
- Го разгледува успехот и поведението на крајот на првото и третото тримесечие
- Го утврдува полугодишниот и годишниот успех и поведение на учениците
- Утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставните програми по
- предметите и воннаставните активности,по предлог на директорот на училиштето и превзема
- мерки за нивно извршување
- Распоредување на раководители на паралелки
- Усвојување на распоредот на часовите
- Усвојување на Годишниот план за екскурзии
- Разгледување и усвојување на извештаи, анализи, информации и слично за постигањата наученицитево одредени периоди од учебната година
- Наставничкиот совет се грижи за реализирање на програмата за стручно усовршување на наставниот кадар
- Донесува одлуки по приговор на ученици за утврдени оценки
- Одлучува за воспитни мерки

| Месец | Активност |
|---|---|
| ***Јули*** | Информација за сработеното од тимот задолжен за изработка на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година |
| ***Август*** | Усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година<br>Годишно планирање на воспитно-образовната работа<br>Распределба на часови по предмети и одделенија (изборни предмети)<br>Распределба на задолженија на наставниците во учебната година<br>Формирање на стручни активи и договор за работата на истите<br>Самоевалуација на училиштето<br>Подготвеност на почеток на новата учебна година – просторни и стручни подготовки<br>Информации за семинари и обуки кои ќе се одржат во наредниот период<br>Информации за проектните активности ( ЕКО, МИО, и др.)<br>Донесување одлука за распишување на огласи по разни основи<br>Договор за свечен прием на првачињата<br>Договор за одржување на првата родителска средба<br>Усвојување на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година<br>Усвојување на Програмата за реализација на ученички екскурзии за учебната 2025/2026 година;<br>Формирање на комисии за разни потреби |
| ***Септември*** | Информации за почетокот на новата 2025/2026 учебна година – број на ученици запишани во прво одделение, вкупен број на ново запишани, отпишани и осипани ученици<br>Донесување одлуки за : осигурување, исхрана, ученички екскурзии и настава во природа и слични активности<br>Родителска средба<br>Информација за приемот и распределбата на бесплатните учебници<br>Формирање комисија за одложување на следење на настава во прво одделение<br>Формирање комисија за отварање на понуди за фотографирање<br>Тековни прашања и активности |

| | |
|---|---|
| ***Октомври*** | Договор за активностите кои ќе се реализираат во текот на „Детската недела“ и приемот на првачињата во Детската организација<br>Нередовни ученици, посета на терен;<br>Одбележување на Светскиот ден на учителот<br>Одговорности и обврски на одделенските раководители<br>Развојната програма и самоевалуацијата на училиштето<br>Активности околу одбележувањето на Светскиот ден на храната – 16 октомври ( проект)<br>Договор за одржување на одделенските совети<br>Договор за организирање активности со учениците за средување и одржување на училишниот двор<br>Активности околу Денот на Општина Карпош<br>Одлука за одложување на следење на наставата во прво одделение за учениците Демир Хусеин и Демир Јусуф<br>Канцеларија за родителство;<br>Формирање на комисија за литературен конкурс<br>Тековни активности |
| ***Ноември*** | Разгледување и утврдување на успехот и поведението на учениците во првото тримесечие во учебната 2024/2025 година<br>Реализација на наставниот материјал<br>Санитарен преглед на наставниците<br>Нередовни ученици кои се пријавени во ДПИ<br>Договор за родителски средби и Совет на родители<br>Извештај од реализирана посета на часови од страна на директорката;<br>Програма за ментално здравје<br>Изрекување на педагошки мерки кај проблематични ученици;<br>Тековни активности |
| ***Декември*** | Активности до крајот на првото полугодие<br>Договор за одбележување на одделенските новогодишни прослави<br>Договор за одржување на Одделенските совети за успехот и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2024/2025 година<br>Информации од реализираните активности на проектите во кои е вкучено нашето училиште<br>Тековни активности |